# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**ООУ„ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ – КАРПОШ, СКОПЈЕ**

**2020 – 2022 ГОДИНА**

Врз основа на член 129 од ЗОО (Сл.весник на РСМ.бр.161 од 2019 година), Тимот за изготвување самоевалуација формиран од комисијата за самоевалуација на работата на ООУ „Јан Амос Коменски“ – Карпош, Скопје за периодот од 2020 до 2022 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето. Во текот на работата, самоевалуација тимовите остварија средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така, беа спроведени анкети со учениците, наставниците, директорот, стручната служба и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај. За изготвување на Самоевалуацијата 2020/2022 беа користени Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти во сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонnаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат и зајакнуваат и да се зголемува нивниот број. Ова оценување претставува збир на целокупната анализа на состојбата и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето во изминатите две  години од 2020-2022 година:

1. Организација и реализација на наставата и учењето
2. Постигања на учениците
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
4. Управување и раководење
5. Комуникации и односи со јавноста
6. Училишна клима и култура
7. Соработка со родителите и локалната средина

Квалитетот на анализираните теми и области е евалуиран на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената проценка изведени се заклучоци каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите најзначајни постигања. Придонес за ова самооценување имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

По спроведенета самоевалуација воочени се слабите страни сумирани од сите седум подрачја и комисијата ги дава следниве препораки:

**Област 1 – Организација и реализација на наставата и учењето**

- Изработка и доставување на информација од страна на наставниците до соодветни институции за обемноста на наставните планови и програми како и на високо поставени цели кај одредени предмети и содржини.
- Подобрување на опременоста на училиштето со современа мултимедијална комјутерска опрема.
- Обезбедување на приспособен тоалет за ученици со телесни пречки во развојот.

**Област 2 - Постигања на учениците**

- Подобрување на примената на иновативни форми, методи и техники од страна на наставниците.
- Стратегија за мотивација за следење на додатна настава од страна на учениците.

**Област 3 –Професионален развој на насавниците, стручните соработници и раководниот кадар**

- Унапредување на процесот на континуирано водење – евидентирање на професионалниот развој на наставниците во нивното лично професионално досие.

**Област 4-Управување и раководење**

- Почитување на Куќниот ред и Кодексот за однесување од страна на учениците во воспитно образовниот процес.
- Зголеменување на вклученоста на родителите во целокупната работа и креирањето на развојните политики на училиштето.

**Област 5 - Комуникации и односи со јавноста**

- Континуирано организирање и спроведување на трибини / работилници и други активности кои ќе придонесат во јакнењето на меѓудругарските односи, за почитување на различностите и правата на учениците.
- Зголемување на соработката со ѓраѓански здруженија, донатори, бизнис секторот, со што би ги вклучило и родителите при реализацијата на одредени проекти, активности, предавања, трибини или работилници.
- Унапредување на соработка на Стручната служба со родителите за помош и поддршка на ученици со емоционални и други потешкотии, и деца со попреченост.

**Област 6 - Училишна клима и култура**

- Подобрување на меѓусебната соработка, почитување на различностите и позитивна врсничка комуникација помеѓу учениците на иста и различна возраст.
- Доследно почитување на Кодексот за однесување на учениците во училиштето.
- Унапредување на комуникациските вештини и меѓусебно почитување помеѓу наставниците.

**Област 7 - Соработка со родителите и локалната средина**

- Зголемување на инволвираност на родителите во релизација на наставата и воннаставните активности и настани поврзани со учениците и училишните политики.
- Подобрување на достапноста на веб страната на училиштето и навремено ажурирање на информациите за работата на училиштето.
- Унапредување на соработката и комуникацијата со бизнис секторот и потенцијалните донатори.

**ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО**

## 1. Општи податоци за основното училиште

**1.1.** Табела со општи податоци

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште | **ООУ,,Јан Амос Коменски,,** |
| Адреса, место, општина | **ул.Варшавска 23, Карпош, Скопје** |
| Телефон | **02/ 306 46 45 02/ 307 88 99** |
| Факс | **02/ 306 46 45** |
| Веб страница | **oоujanamoskomenski.edu.mk** |
| Е-маил | **oujak@yahoo.com** |
| Основано од . . . | **Општински комитет за образование, култура и физичка култура Карпош-Скопје** |
| Верификација-број на актот | **11-587/3/31-01-1986 година** |
| Година на изградба | **01.09.2008 година** |
| Тип на градба | **цврста градба на два ката** |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | **4920 $m^2$** |
| Училиштен двор ($m^2$) | **12 000 $m^2$** |
| Површина на спортски терени и игралишта | **Фискултурна сала ( 512 $m^2$).<br>Детско игралиште (90$m^2$)<br>Тениски терен** |
| Начини на загревање на училиштето | **централно парно греење** |
| Училиштето работи во смени | **една** |
| Број на паралелки | **30** |
| Јазик / јазици на кој / кои се реализира наставата во училиштето | **Македонски јазик** |

## 2. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште „Јан Амос Коменски“, се наоѓа на улица Варшавска бр.23, во населба Тафталиџе 1, во Општина Карпош - Скопје. Повеќе од пет децении нашето училиште воспитува и образува млади генерации и со успех ги извршува поставените задачи. Училиштето всушност е замена за основното училиште „Гоце Делчев“ кое природната стихија го разруши до темел на 26 јули 1963 година. Дојде до израз светската хуманост и солидарност. Во новата населба Тафталиџе 1, како подарок од народот и владата на Чехословачка се изгради нов училишен објект, кој го доби името на на големиот чешки и светски педагог, филозоф и книжевник Јан Амос Коменски. На 27 април 1964 година беше предадено во употреба новото основно училиште „Јан Амос Коменски“. Од учебната 2008/2009 година учениците учат во нова, модерна, по европски стандарди изградена училишна зграда. Реонот на Општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Тафталиџе 1 што се простира на исток до ул „8 Септември“, на југ до ул. „Теодосије Гологанов“, на север до бул. „Партизански Одреди“ и на запад до ул. „Московска“. Вкупната квадратура на училиштето изнесува 4920 m2 и дворно место од 12000 m2 . Училиштето располага со фискултурна сала и со игралиште во училишниот двор. Во училиштето учат 763 ученици распоредени во 30 паралелки. Во училиштето се вработени 70 лица. Наставата се одвива на македонски наставен јазик. Училиштето е збратимено со ОУ „Станислав Сремчевиќ“ - Крагуевац (Р.Србија) и ООУ„Сабедин Бајрами“ с. Камењане, Општина Боговиње. Веќе 58 години ООУ „Јан Амос Коменски“ со успех работи на образованието и издигнувањето на младите генерации, давајќи своевиден придонес во нивното натамошно школување и вклучување во сите сфери на општествениот живот.

**Тимови за самоевалуација**

**Училишен тим за самоевалуација**

**Директор**: Маја Старова

**Психолог**: Елизабета Ивановиќ

**Педагог** : Соња Казакова

**Наставник ментор:**Алекснадра Блажевска

**Одделенски наставник:** Марија Јошеска

**Родител:** Мирјана Филев

**Техничка поддршка**: Александра Блажевска Елизабета Ивановиќ и Лирие Мемети

**Тимови за самоевалуација 2020-2022 година**

| **Област на самоевалуација** | **Подрачја** | **Индикатори за квалитет на работата на училиштата** |
|---|---|---|
| **1.Организација и реализација на наставата и учењето**<br><br><br>Носител<br>МАРИЈА ЈОШЕСКА | **1.Наставни планови и програми**<br>Координатор: Сузана Јакимовска<br>Членови на тимот**:**<br>1.1 Елизабета Мирчевска/Билјана Димитрова Стојанова<br>1.2 Рада Стаменкоска,<br>1.3 Невена Миовска<br>**3. Учење и настава**<br>Координатор:Живка Пројческа<br>Членови на тимот:<br>3.1 Златица Апостолов<br>3.2 Татјана Јанкуловска<br>3.3 Билјана Димитровска Стојановска/Стефани Ѓорѓиевска<br>3.4 Радмила Стошиќ<br>3.5 Ангела Пејковска<br>3.6 Марјан Угриновски | <br><br><br><br>1.1/5.1 Реализација на наставните планови и програми<br>1.2 Квалитет на наставните програми<br>1.3/5.2Воннаставни активности<br><br><br><br><br><br>1.4/3.1 Планирања на наставниците<br>1.5/3.2 Наставен процес<br>1.6/3.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.7/3.4 Задоволување на потребите на учениците<br>1.8/3.5 Оценувањето како дел од наставата |

| | | |
|---|---|---|
| | **4.Поддршка на учениците**<br>Координатор: Јадранка Георгиевска<br>Членови на тимот:<br>4.1 Светлана Софеска<br>4.2 Светлана Стојановска<br>4.3 Сузана Цветанова<br>4.4 Викторија Чалоска | 1.9/4.1 Севкупна грижа за учениците<br>1.10/4.2 Здравје<br>1.11/4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците |
| **Област на самоевалуација**<br>**2.Постигања на учениците**<br><br>НОСИТЕЛ<br>АЛЕКСАНДРА БЛАЖЕВСКА | **Подрачја**<br>**2. Постигања на учениците**<br>Координатор: Грозданка Кажлева<br>Членови на тимот:<br>2.1 Горан Ристевски<br>2.2 Цветанка Петрова<br>2.3 Цветанка Петрова<br>2.4/4.4 Симона Пашоска | **Индикатори за квалитет на работата на училиштата**<br><br>2.1 Постигања на учениците<br>2.2 Задржување/осипување на учениците<br>2.3 Повторување на учениците<br>2.4/4.4 Следење на напредокот на учениците |

| **Област на самоевалуација**<br>**3.Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | **Подрачја**<br><br>**6.Ресурси**<br>Координатор:<br>Татјана Георгиевска | **Индикатори за квалитет на работата на училиштата** |
|---|---|---|
| НОСИТЕЛ<br>Ирена Буклеска | Членови на тимот:<br>6.3/3.1 Марија Златановска<br>6.4/3.2 Велибор Бубулески | 3.1/6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>3.2/6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар |

| **Област на самоевалуација**<br>**4.Управување и раководење** | **Подрачја**<br>**7. Управување, раководење и креирање политика**<br>Координатор: Ољга Георгиевска | **Индикатори за квалитет на работата на училиштата** |
|---|---|---|
| НОСИТЕЛ<br>Ирена Пантова | Членови на тимот:<br>4.1/7.1 Дијана Стевковска<br>4.2/7.2 Марија Христовска<br>4.3/7.3 Александра Николовска<br>4.4/6.1 Билјана Трајкова<br>4.5/6.2 Маргарита Филиповска<br>4.6/6.5 Катерина Димишковска | 4.1/7.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2/7.1 Цели и креирање на училишната политика<br>4.3/7.3 Развојно планирање<br>4.4/6.1 Сместување и просторни капацитети<br>4.5/6.2 Наставни средства и помагала<br>4.6/6.5 Финансиско работење на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| **Област на самоевалуациј**<br>**5.Комуникации и односи со јавноста**<br><br>НОСИТЕЛ<br>Елизабета Теодосиевска | **5. Комуникации и односи со јавноста**<br><br>Координатор:Јасмина Макалоска<br>Членови на тимот:<br>5.1. Лирие Мемети<br>5.2. Зоран Ристовски<br>5.3 Благица Темкова | **Индикатори за квалитет на работата на училиштата**<br><br><br>5.1. Комуникации на ниво на училиште<br>5.2. Комуникации на ниво на училница<br>5.3. Комуникации со окружувањето на училиштето |
| **Област на самоевалуација**<br>**6.Училишна клима и култура**<br><br>НОСИТЕЛ<br>Билјана Стојков | **Подрачја**<br>**6.Училишна клима и односи во училиштето**<br>Координатор: Јасмина Макалоска<br>Членови на тимот:<br>6.1 Жарко Благојевиќ<br>6.2 Роза Василевска и Гордана Николовска<br>6.3 Ивана Јошеска | **Индикатори за квалитет на работата на училиштата**<br><br><br>6.1 Училишна клима и односи во училиштето<br>6.2 Еднаквост и правичност<br>6.3 Промовирање на постигањата на учениците |
| **Област на самоевалуација**<br>**7.Соработка со родителите и со локалната средина**<br><br>НОСИТЕЛ<br>Олимпија Јовческа | **Подрачја**<br><br>**6.Училишна клима и односи во училиштето**<br>Координатор: Јасмина Макалоска<br>Членови на тимот:<br>5.4/7.1 Александра Гаџоска | **Индикатори за квалитет на работата на училиштата**<br><br><br>7.1/5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница |

**ОБЛАСТ 1 - ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**

**Распределение за самоевалуација - области, подрачја со тимови и индикатори**

| **Област** | **Подрачја** | **Индикатори за квалитет на работата на училиштето** |
|---|---|---|
| **1.Организација и реализација на наставата и учењето**<br><br>Носител<br>МАРИЈА ЈОШЕСКА | **1.Наставни планови и програми**<br>Координатор: Сузана Јакимовска | 1.1/5.1 Реализација на наставните планови и програми<br>1.2 Квалитет на наставните програми<br>1.3/5.2Вонннаставни активности |
| | **3. Учење и настава**<br>Координатор:Живка Пројческа | 1.4/3.1 Планирања на наставниците<br>1.5/3.2 Наставен процес<br>1.6/3.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.7/3.4 Задоволување на потребите на учениците<br>1.8/3.5 Оценувањето како дел од наставата |
| | **4.Поддршка на учениците**<br>Координатор: Јадранка Георгиевска | 1.9/4.1 Севкупна грижа за учениците<br>1.10/4.2 Здравје<br>1.11/4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците |

| | |
|---|---|
| **ОБЛАСТ 1** | **ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** |
| **Подрачје 1** | **Наставни планови и програми** |
| **Индикатор за квалитет:** | **1.1 Реализација на наставните планови и програми** |
| **Теми** | **1.1.1. Применувани наставни планови и програми**<br>**1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>1.1.3. **Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>**1.1.4. Избор на наставни предмети**<br>**1.1.5.Планирање на активности за реализација на проектните активности на училиштето**<br>**1.1.6.Реализација на проширени програми** |

| **Извор на податоци** | **1.1.1.Применувани наставни планови и програми** |
|---|---|
| Наставни планови и програми донесени од БРО<br><br>Педагошко психолошката служба на училиштето<br><br>Анкета меѓу наставници | Наставните планови и програми се во согласност со програмски документи од БРО а одобрени од МОН и истите се реализираат според дадените насоки и упатства. Наставниците навремено изготвуваат наставни програми по сите наставни предмети вклучувајќи<br>и програма за додатна, дополнителна, деца со посебни образовни потреби, поврзани МИО, ЕКО и ИКТ содржини со наставата, како и програма за личен и професионален развој, програма за соработка со родители, програма за одделенска зедница,програма за вонннаставни активности,програма за стручен актив,прогама за натпревари, програма за слободни активности,програма за проектни активности. Редовно изработуваат годишни и тематски планирања. |
| Записници од родителски средби<br>Записници од Наставнички совети на училиштето и активите | **1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми** |

| | |
|---|---|
| Годишна програма на училиштето<br><br>Веб страна од МОН<br>Анкета за родители<br>Анкета за ученици | Училиштето има воспоставено процедури и методи за информирање на родителите за наставните планови и програми преку учениците, Советот на родители и родителски средби,кои се одржуваат во утврдени термини.На почетокот на учебната година наставниците ги презентираат и образложуваат наставните планови и програми според кои се одвива наставата.Веб сајтот, огласните табли се исто така начини за информирање на родителите за имплементација на програмата.<br>Родителите даваат мислења и предлози за измени во Наставните планови и програми со цел подобрување на квалитетот на образованието. |

| | |
|---|---|
| ИОП го изготвува Инклузивниот тим<br><br>Портфолио за деца со ПОП | **1.1.3. Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>Инклузивниот тим на училиштето ги приспособува наставните планови и програми по сите предмети според можностите на децата со ПОП.<br>Во училиштето има 8 ученици со посебни образовни потреби со медицинска белешка од ЗМЗ или од МКФ, вклучени во редовната настава. Тие се вклучени во воспитно-образовниот процес со ИОП изготвен според нивните можности и способности.<br>Со овие ученици работи специјален едукатор и рехабилитатор, педагог и психолог, а учениците се придружувани од лични и образовни асистенти ангажирани од страна на Општина Карпош или нивните родители. Нашето училиште, поради долгогодишната успешна работа и напредок на учениците со ПОП е модел училиште за инклузија на учениците во редовните училишта. |

| | |
|---|---|
| Анкета меѓу родители и ученици | **1.1.4. Избор на наставни предмети**<br>Училиштето нуди повеќе од 3 изборни предмети според наставниот план и спецификите на локалната средина. Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивните родители. Но при изборот на предметите од листата на изборни предмети што се нудат за избор на анкетните листови за учениците одлучувачка е улогата на училиштето. Изборот на трите предмети кои ќе бидат понудени на анкетните листови се врши во прилог на ангажирањето на постојаните наставници до полн фонд на часови. |
| Интервју со педагог -записници од училишен парламент<br><br>Програма за работа на училишен парламент | **1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето**<br><br>Реализацијата на слободните часови и проектните активности се врши според интересите и желбите на учениците. Истите се реализираат според програмата за работа на училишниот парламент. |
| Проширена програма | **1.1.6. Реализација на проширени програми**<br>Во училиштето се реализира проширена програма. Во рамките на проширената програма се реализира организирано прифаќање и заштита на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава во согласност со родителите. |

| | |
|---|---|
| **ОБЛАСТ 1** | **ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** |
| **Подрачје 1** | **Наставни планови и програми** |
| **Индикатор за квалитет :** | **1.2. Квалитет на наставните планови и програми** |
| **Теми:** | 1.2.1. **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br>1.2.2. **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>1.2.3. **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>1.2.4. **Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми** |
| Извор на податоци<br><br>Наставните планови и програми<br><br>Стручен соработник – лице одговорно за проектот | **1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала.**<br><br>Во нашето училиште 99% според националната определба се националниот македонци. Училиштето континуирано реализира активности кои ја развиваат свеста кај учениците за родова и етничка рамноправност и мултикултурна соработка.<br>Учениците преку различни активности, ученичките заедници и ученички парламен,соработка со партнер училиштето ја негуваат и развиваат меѓуетничката интеграција.Наставниците во Годишните планирања ги поврзуваат содржините за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција на учениците во наставниот процес. |

| | |
|---|---|
| Интервју со одделенски и предметни наставници<br><br>Анкета меѓу наставници<br><br>Анкета меѓу родители<br><br>Интервју со одделенски и предметни наставници | **1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.**<br><br>Училиштето ги реализира сите активности што ги нуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи. Во училиштето постојат добри примери на соодветни интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и тоа во училишните проекти, во воннаставните активности и во програмите на ученичките заедници. Организирани посети на музеи, фабрики, банки, кина, театри и екскурзии со финансиска поддршка од Општината. Остварени се средби со претставници од Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| Дневни, годишни и тематски планирања | **1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>Интеграцијата на општите цели на образованието наставниците во во најголем дел ја применуваат во Годишните, тематските и дневните планирања. Наставниците добиваат насоки од стручните соработници за интегрирање на меѓупредметните цели во планирањата. |
| Анкета со наставници и родители | **1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**<br>Наставниците укажуваат до соодветни институции за обемноста на наставните планови и програми како и на високо поставени цели кај одредени предмети и содржини<br>Од страна на родителите има иницијатива за промени во Наставните планови и програми |

| | |
|---|---|
| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
| **Подрачје 1** | **Наставни планови и програми** |
| **Индикатор за квалитет** | **1.3. Воннаставни активности** |
| **Теми:** | **1.3.1.Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>**1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br>**1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br>**1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности** |
| **Извор на податоци**<br><br>Педагошка евиденција и документација<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Програма за дополнителна и додатна настава | **1.3.1.Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>**Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, когнитивен, социо-емоционален, психомоторен, кариерен (професионален) и друг развој.**<br>**Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во воннаставни активност според нивните желби, можности, умеења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни образовни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо- економски статус.** |

| | |
|---|---|
| Список на ученици кои се вклучени во воннаставни активности | **1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br><br>**Најголем број од учениците се вклучени во една и повеќе воннаставни активности за поддршка на личниот и професионалниот развој без оглед на нивниот пол, етничка припадност, нивните можности и способности.** |
| Евиденција на учениците кои учествуваат во воннаставни активности | **1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br><br>**Учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор. Во воннаставните активности се вклучени и ученици со ПОП. Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Во училиштето редовно се реализираат воннаставни активности за кои наставниците имаат изготвено програми. Соодветно ја евидентираат реализацијата и постигањата на учениците.**<br>**Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од воннаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија.** |

| | |
|---|---|
| Годишен извештај за работата на училиштето<br>Извештај аа наградени ученици на конкурси, натпревари и други манифестации<br>Освоени награди пофалници дипломи на натпреварувања на сите нивоа и по скоро сите наставни предмети<br>Записници од Наставнички совети<br>Благодарници<br>Пофалници<br>Дипломи<br>Признанија<br>Награди, пехари, медали | **1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br><br>**Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации, ликовни изложби, конкурси и натпревари од различни области што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво. Тие имаат освоено значителен број награди (пофалници, дипломи, признанија). Учениците учествуваат на различни манифестации, приредби, ТВ емисии каде се афирмираат и пртставуваат на пошироката јавност со своите постигнувања и активности.** |

| | |
|---|---|
| **ОБЛАСТ 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
| **Подрачје 3** | **Учење и настава** |
| **Индикатор за квалитет** | **1.4. Планирања на наставниците** |
| **Теми:** | **1.4.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>**1.4.2. Индивидуални планирања на наставниците**<br>**1.4.3.Размена на искуства и информации при планирањето**<br>**1.4.4.Распоред на часови** |
| Извор на податоци<br><br>Разговор со директор Разговор со стручната служба | **1.4.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>Училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручната служба. Училиштето има изготвено инструменти за следење на квалитетот на планирањата и подготовка за наставата. Наставниците планирањата ги изготвуваат на почетокот на учебната година и истите се доставуваат до педагошката служба. Тематските планирања се доставуваат до педагошката служба на почетокот на секој месец. Оперативните планови (сценаријата) за наставен час континуирано се следат во текот на годината, но и при посетите на часови од страна на директорот и стручната служба. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Реализацијата на воспитно-образовниот процес како и водењето на педагошката евиденција и документација се следи континуирано од страна на директорот и стручната служба. |

| | |
|---|---|
| Разговор со стручната служба<br><br>Годишни, тематски планирања и дневни подготовки | **1.4.2. Индивидуални планирања на наставниците**<br><br>Наставниците редовно и навремено ги изготвуваат Годишните планирања во согласност со наставниот план и наставните програми донесени од МОН и БРО. Сите наставници редовно изготвуваат годишни тематски и дневни планирања. Планирањата на наставниците ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки: што се очекува учениците да научат, како и кога. Во планирањата на наставниците целите на наставата, очекуваните исходи од учењето како и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата. Овие информации од оценувањето наставникот ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Во годишните планирања кај сите наставници вметнати се содржини кои ќе се реализираат со примена на ИКТ, ЕКО, МИО, КРРП.<br>Освен за наставните предмети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, воннаставни активности, дополнителна и додатна настава,како и програма за воннаставни активности, програма за стручен актив,прогама за натпревари, програма за слободни ученички активности, програма за проектни активности, програма за домашна работа. За наставниците приправници, менторите изготвуваат програма за работа. |
| Записници од одговорните на активите | **1.4.3. Размена на искуства и информации при планирањето**<br><br>За подобрување на квалитетот на планирањата, наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и со поддршка од стручната служба. Наставниците од одделенска настава во однос на планирањата и дополнителните дидактички материјали разговараат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат. Со учениците со посебни образовни потреби наставниците наставата ја реализираат во обемот на прилагодени програми кои ги изготвуваат во соработка со училишниот дефектолог, наставниците и родителите. Застапена е корелација (интегрирање) на |

| | |
|---|---|
| | наставните содржини по повеќе наставни предмети. Наставниците разменуваат искуства и идеи за планирањето, соработка со други училишта,  консултирање со стручни лица, користење меѓународни искуства и сл. |

| | |
|---|---|
| Истакнат распоред на видно место | **1.4.4. Распоред на часови**<br>Распоредот на часови и за предметна и за одделенска настава се изготвува од страна на наставници. Тој е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат транспарентно на видни места во училиштето. Истиот се реализира според предвидената динамика и според утврдените потреби на учениците. |
| **ОБЛАСТ 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
| **Подрачје 3** | **Учење и настава** |
| **Индикатор за квалитет** | **1.5. Наставен процес** |
| **Теми** | 1.5.1. **Наставни форми и методи**<br>1.5.2. **Употреба на ИКТ во наставата**<br>1.5.3. **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>1.5.4. **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>1.5.5. **Приодот на наставникот кон учениците**<br>1.5.6. **Следење на наставниот процес** |

| | |
|---|---|
| Анкета за наставници | **1.5.1.Наставни форми и методи**<br>Наставниците во наставниот процес користат современи методи, форми и техники, поттикнувајќи го критичкото мислење кај учениците. Наставниците користат различни нагледни стрдства, дидактички материјали, манипулативни средства, асистивна технологија. За време на наставата при реализација на содржините применуваат истражувачки активности во и надвор од училиштето со што успешно ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик,како и компетенцијата за претприемништво и вештини за соработка, комуникација, критичко мислење, решавање проблеми, креативност и иновација. |
| Анкета за наставници | **1.5.2.. Употреба на ИКТ во наставата**<br><br>Во училиштето има 11 компјутери и 219 тин клиенти за учениците од предметна настава , распоредени во 8 училници, 167 лаптопи за учениците во одделенска настава, и 39 лаптопи за наставници. Во училиштето има 3 СМАРТ табли. Наставниците посетувале обука за употреба на ИКТ во наставата. Во Годишните наставни единици со примена на ИКТ и истите се реализираат согласно планираното, а истите содржини се евидент ирани во годишното и тематското планирање, во дневните подготовки и во одделенските дневници. |

| | |
|---|---|
| | **1.5.3. Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците,што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава ,не ограниувајќи се само на одобрени учебници . |
| Анкета за ученици | **1.5.4.. Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Се користат различни методи, техники и средства на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата во натпревари идруги вонаставни активности. Наставниците редовно и транспарентно ги известуваат учениците за напредокот, поведението и постигањата во учењето. |
| Анкета за наставници (графикон 1.3.9) | **1.5.5. Приодот на наставникот кон учениците**<br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците. |

| | |
|---|---|
| Интервју со директор и педагошко психолошка служба | **1.5.6. Следење на наставниот процес**<br><br>Следење на наставниот процес во континуитет се применува, а секој наставник се посетува и набљудува  на час од директорот или стручната служба. Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Анализата од следењето се користи за подобрување на наставниот процес. |
| **ОБЛАСТ 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
| **Подрачје 3** | **Учење и настава** |
| **Индикатор за квалитет** | 1.6. **Искуства на учениците од учењето** |
| **Теми** | 1.6.1. **Средина за учење**<br>1.6.2. **Атмосфера за учење**<br>1.6.3. **Поттикнување на учениците за превземање одговорност**<br>1.6.4. **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето** |
| | **1.6.1. Средина за учење**<br>Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење.Училницата е место на разновидност и рамнотежа. Рамнотежата е видлива во барањата и добивањата на знаењата и вештините Наставникот обезбедува безбедна средина за учење во која ученикот се вреднува и почитува. Исто така креира образовна средина со креативни катчиња која поттикнува учениците да превземаат одговорност за своето учење.Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи ги естетските норми. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. |

| | |
|---|---|
| Анкета за ученици | **1.6.2. Атмосфера за учење**<br><br>Учениците се чувствуваат среќно во училиштето. Сметаат дека полесно се учи ако материјалот е поврзан со практични примери од секојдневниот живот имплементирани на интересен начин. Наставниците структурираат активна атмосфера за учење за да обезбедат континуирани можности за учениците да ги развијат планираните и спонтаните истражувања. |

| | |
|---|---|
| Анкета за ученици | **1.6.3. Поттикнување на учениците за превземање одговорност**<br><br>За време на часот, најголем број од наставниците ги мотивираат учениците и насочуваат кон критичко размислување, евалуирање и заклучување. Најголем дел од нставниците не критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. Сите ученици активно учествуваат во процесот на учењето. Тие имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. |
| Анкета за ученици | **1.6.4. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br><br>Учениците превземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата). Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. |
| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
| **Подрачје 3** | **Учење и настава** |
| **Индикатори за квалитет** | 1.7. **Задоволување на потребите на учениците** |
| **Теми** | **1.Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>**2.Почитување на различните потреби на учениците во наставата** |

| | |
|---|---|
| Анкета за наставници<br>Интервју со педагошко психолошка служба | **1.7.1. Идентификување на образовните потреби на учениците**<br><br>При самиот упис стручната служба ги идентификува недостатоците и пречките кај учениците. Исто така стручната служба им дава на наставниците инструмент за идентификација на учениците со потешкотии во учењето и талентираните ученици. Стручната служба во соработка со наставниците превземаат низа активности со цел подобрување на учењето и индивидуален напредок и равој на овие ученици. |

| | |
|---|---|
| Анкета за наставници | **1.7.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Наставниците го прилагодуваат учењето во функција на задоволување на индивидуалните образовни потреби на секој ученик. Наставниците и стручната служба континуирано ги охрабруваат и поттикнуваат учениците со потешкотии во учењето, талентираните ученици и учениците со посебни образовни потреби да учат и да го достигнат својот максимум. Со учениците стручната служба работи индивидуално и групно како би имале личен напредок и развој. |
| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** |
| **Подрачје 3** | **Учење и настава** |
| **Индикатори за квалитет** | **1.8 Оценувањето како дел од наставата** |
| **Теми** | **1.8.1. Училишна политика за оценувањето**<br><br>**1.8.2.Методи и форми за оценување**<br><br>**1.8.3.Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br><br>**1.8.4. Известување на родителите за напредокот на учениците** |
| Интервју директор и педагошко-психолошка служба<br><br>Записници од одделенски совети оценување | **1.8.1. Училишна политика за оценување**<br><br>Во училиштето целосно се применуваат законските прописи кои го регулираат оценувањето на учениците. И учениците и родителите се запознати со стандардите и критериумите на оценување. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои родителите и учениците се целосно запознаени. |

| | |
|---|---|
| Интервју меѓу наставници | **1.8.2. Методи и форми на оценување**<br><br>Наставниците во училиштето користат различни форми, методи и техники на формативно следење и оценување на учениците. Учениците континуирано се следат од страна на наставниците, а нивниот напредок и оденување е транспарентен од страна на наставниците. Сумативно се оценуваат учениците на крајот од секој период во текот на учебната година.<br><br>Учениците се вклучени во процесот на оценувањето преку самооценување,меѓусебно оценување, градење критериуми,водење портфолија и сл. |

| | |
|---|---|
| Интервју меѓу наставници<br><br>Педагошка служба<br><br>Полугодишен и годишен извештај | **1.8.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br><br>За постигнатиот успех учениците секогаш добиваат повратна усна и писмена информација од наставниците. Наставниците добиените резултати од оценувањето ги користат како патоказ за еволуирање и покреативно планирање на наставата.Наставниците како и педагошката служба на крајот од секое тримесечие изработуваат аналитичка и статистичка листа за постигнаите резултати која подоцна ке послужи за споредување на резултатите од претходни генерации. |
| Анкета меѓу ученици<br><br>Анкета меѓу родители | **1.8.4. Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>Училиштето има процедури за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите добро ги применува.Тоа вклучува редовно прибирање информации за напредокот на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оцената,вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно . Информациите за успехот на учениците родителите ги добиваат на индивидуални средби на приемните часови, родителските средби, тестови, наставни листови, контролни задачи писмени работи е-дневникот и сл.<br>Училиштето обрнува внимание на информирањето на родителите при изрекување на педагошки мерки, а функционира и советувањето на |

| Област 1 | Организација и реализација на наставата и учењето | |
|---|---|---|
| **Подрачеје 4** | **Поддршка на учениците** | |
| **Индикатори за квалитет** | **1.9.Севкупна грижа за учениците** | |
| **Теми** | 1.9.1. **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>1.9.2. **Превенција од насилство**<br>1.9.3. **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>1.9.4. **Квалитет на достапна храна**<br>1.9.5. **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>1.9.6. **Грижа на учениците од социјално загрозени семејства** | |
| **1.9.1. Заштита од физички повреди и елементарни непогоди** | Во училиштето редовно се организираат соодветни обуки за вработените за заштита од физички повреди и елементарни непогоди. Во училиштето има план за излез во случај на природни непогоди (земјотрес, поплава и пожар).Во Годишната програма на училиштето и развојниот план се планирни соодветни политики и активности во однос на заштита од физички и елементарни непогоди и се планирани соработки со соодветни институции од Локалната заедница. | -Лекарска потврда<br>-Дополнителни лекарски документи во зависност од здравствениот проблем<br>-Белешки од стручна служба<br>-Педагошка евиденција и документација<br>-Досие на ученикот<br>-Писмено известување<br>-Годишна програма<br>-Годишен извештај на училиштето<br>-Стручни предавања од надворешни стручни лица<br>-Разговори со родители<br>-Соработка со општина Карпош |
| **1.9.2. Превенција од насилство** | Насоките од МОН за превенција и рано откривање на насилното однесување успешно се применуваат во училиштето. Училиштето | -Соработка со подрачната единица на МВР<br>- Писмено се бара помош од ЗМЗ |

| | | |
|---|---|---|
| | има изготвено процедура за идентификување и работа со ученици кои насилно се однесуваат кон останатите соученици. При отривањето на учениците кои вршат насилство и разрешување на ваквото однесување во училиштето взаемно соработуваат учениците, наставниците, стручната служба и родителите.<br>Наставнииот кадар за поуспешно справување со сите форми на насилство врз децата посетува обуки, работилници и конференции со што го надоградуваат своето знаење. Стручната служба реализира работилници, предавања, видео проекции, конкурси со учениците и наставниците за спречување на насилното однесување меѓу учениците.<br>Во училиштето се појавува соврсничко насилство , булинг и сајбер насилство за што веднаш превенира стручната служба во соработката со наставниците. Доклку има потреба училиштето се обраќа за помош и поддршка до Центарот за социјални грижи, ЗМЗ, МВР и други стручни лица и институции. | -Индивидуална работа од страна на наставниците и стручната служба со ученикот<br>-Индивидуални разговори со родителите<br>Едукативни работилници за превенција од вербално навредување<br>Работилница со видео проекција,, Сајбер насилство и булинг, Работилници со ученичка организација за превенција на насилно однесување |
| **1.9.3. Заштита од пушење, алкохол и дрога** | Во рамките на Годишната програма на училиштето испланирани се активности за превенција од зависности. Наставниците на часовите на ОЖВ реализираат содржини на тема превенција на зависности. Организацијата на Црвен крст и Ученичката организација во соработка со психологот и педагогот на училиштето реализираат активности за едукација на учениците и нивна заштита од зависностите.Во училиштето се раелизираат | -Годишна програма за работа на училиштето<br>- Ученичка организација |

| | | |
|---|---|---|
| | едукативни работилници со родители и ученици вклучувајќи наставници, надлежни стручни лица и институции. | |
| **1.9.4. Квалитет на достапна храна** | Во училиштето за учениците од продолжен престој од прво до трето одделение има обезбедено доручек и ручек, а за учениците од шесто до деветто одделение ужинка. За видот на исхраната се организираат предавања со нутриционисти на кои се поканети родители и наставници со цел да се направи соодветно мени за потребите на учениците во однос на нивниот развој и возраст. Секако изборот е здрава храна. | -Податоци за организирана исхрана научениците;<br>-Интервјуа со наставниците, родителите и учениците; |
| **1.9.5. Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот** | Во училиштето е вработен специјален едукатор и рехабилитатор кој дијагностицира и работи со учениците со попреченост. Повеќе години наназад во училиштето не се запишани ученици со телесни пречки во развојот. Училиштето има направено рампи за пристап за ученици со телесни пречки на главниот влез, фикултурната сала и училишната кујна.<br>Во училиштето долги години наназад има изградено позитивна клима меѓу учениците, наставниците и родителите за прифаќање, вклучување и социјализација на учениците со пречки во развојот. | -Годишна програма за работа на училиштето<br>-Програма за работа на Инклузивниот тим |
| **1.9.6.Грижа на учениците од социјално загрозени семејства** | Училиштето особено води грижа за учениците од социјално ранливите категории. Редовно се организираат хуманитарни акции, хепенинзи, проекти кои се наменети токму за помош и поддршка на учениците на кои им е потребна.<br>Училиштето во соработка со Општина Карпош реализира низа хуманитарни акции за помош на социјално загрозени семејства.<br>Во активностите за обезбедување на грижата и заштитата на | -Соработка со Центарот за социјални грижи, хуманитарните организации и деловната заедница |

| | | |
|---|---|---|
| | децата училиштето соработува и со Центарот за социјални грижи, хуманитарни организации и бизнис заедницата. | |
| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** | |
| **Подрачеје 4** | **Поддршка на учениците** | |
| **Индикатори за квалитет** | 1.10. **Здравје** | |
| **Теми** | **1.10.1. Хигиена и заштита од болести**<br>**1.10.2. Грижа за учениците со здравствени проблеми** | |
| 1. 10.1.Хигиена и заштита од болести | Хигиена во училишната зграда, фискултурната сала и дворот е на високо ниво според пропишаните норми. Вработените ги почитуваат процедурите за одржување на хигиената,а кај учениците се создаваат навики за одржување на хигиената во училиштето.<br>На часовите на одделенска заедница често се разговара за начините, превенцијата и мерките за заштита од болести.<br>Училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со здравствени институции со цел навремена и правилна превенција од заразни болести. Вработените и учениците редовно и навремено прават систематски и санитарни прегледи. | - Куќен ред<br>-Санитарни книшки на вработените<br>-Педагошка едиденција и документација |
| 1.10.2. Грижа за учениците со здравствени проблеми | Во училиштето веќе подолг период има разработено системи за идентификување, следење и работа со ученици кои имаат здравствени проблеми. Тимската работа на стручната служба, наставникот и родителот резултира со подобрување или надминување на здравствените проблеми.Континуираната работа и поддршка на учениците како и создавање адекватни услови за работа допринесуваат ученикот да напредува во воспитно образовниот процес.<br>По потреба во зависност од потребите училиштето соработува со струни лица и | Записници од Одделенски совет, записници од Наставнички совет<br>-Белешки од стручна служба<br>-Досие на ученикот<br>-Писмено известување |

| | | |
|---|---|---|
| | институции. | |
| **Област 1** | **Организација и реализација на наставата и учењето** | |
| **Подрачеје 4** | **Поддршка на учениците** | |
| **Индикатори за квалитет** | 1.11. **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | |
| **Теми:** | **1.11.1 Пружање помош при изборот на занимање/понатамошно образование**<br>**1.11.2. Грижа за учениците со емоционални проблеми** | |
| 1. Професионален развој на наставниците | Во рамките на ГП и ГИ за работа на училиштето и развојната програма со тимот за Професиоанлен развој планирани се активности за поддршка на професионален и кариерен развој на наставниот кадар. Врз основа на законот за основно образование секој наставник изработува личен план за професионален развој и на ниво на училиште се утврдуваат потребите на наставниците за обуки од МОН или од надворешни акредитирани стручни лица и институции. Во текот на учебната година од посетените обуки се реализираат десиминации на наставниот кадар од страна на обучените наставници и стручната служба за кои наставниците добиваат интерни сертификати и потврди. Потоа се следи реализацијата на стекнатите вештини и знаења во наставниот порцес. Проследените обуки, семинари и конференции наставниците и стручната служба ги евидентираат во портфолијата за професионален развој на наставниците и стручните соработници ( професионалното досие на наставниците и стручните соработници).<br>Поради Пандемијата со заразното заболување КОВИД 19 во текот на учебната 2020/2021 и 2021/2022 година горе наведените активности, обуки, работилници, семинари се реализираа преку онлајн комуникација. на Microsoft Teams, Вибер, ZOOM апликација и други социјални мрежи и достапни апликации.<br>Во текот на овој период на обуките организирани со физичко присуство се почитуваа мерките и протоколите во согласност со укажувањата и насоките од Владата, МОН и Министерството за здравство за работа во време на Пандемија. | - |

# Анализа на анкетата за наставници



Раководниот орган и стручната служба го поттикнувааат и поддржуваат професионалниот развој на наставниот кадар.

45 responses




Училиштето нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници.

45 responses






| **Клучни јаки и слаби страни:** |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br>● Наставниот кадар постојано стучно се усовршува со внатрешни и надворешни семинари, дисеминации, организирани од страна на училиштето, надворешни стручни лица од ПФ, ФФ, БРО, МОН , невладини организации и институции, поради подигнување на квалитетот на целокупниот воспитно – образовен процес.<br>● Раководниот орган и стручната служба го поттикнуваат и поддржуваат професионалниот развој на наставниот кадар.<br>● Училиштето нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници.<br>● Приправниците и нивните ментори добиваат соодветна поддршка од раководниот орган и стручната служба за време на приправничкиот стаж.<br>● Наставниците континуирано изготвуваат личен план за професионален и водат досие за својот професионален развој. |

- За унапредување на личниот професионален развој сите наставниците користат стучна литература и дополнителна литература, on line ресурси:веб бинари, семинари, курсеви обуки, литература и други извори .

**Слаби страни:**

- Делумно водење – евидентирање на професионалниот развој на наставниците во нивнот лично професионално досие

**Анализа на резултатите:**

Во нашето училиште постои традиција на перманентно и контикуирано унапредување на професионалниот и личниот развој на наставниот кадра. Наставниот кадар постојано стучно се усовршува со внатрешни и надворешни семинари, дисеминации, on-line семинари организирани од страна на училиштето, надворешни стручни лица од ПФ, ФФ, БРО, МОН итн., невладини организации и институции, поради подигнување на квалитетот на целокупниот воспитно – образовен процес. Во овој процес активен придонес даваат и раководниот орган и стручната служба со поддршка и поттикнување на професионаниот развој на наставниот кадар.

Училиштето во континуитет нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници. Приправниците и нивните ментори добиваат активна поддршка од стручната служба за време на нивниот приправнички стаж.Наставниците во нашето училиште за унапредување на својот личен професионален развој користат најразлични извори на стручна литература се обучуваат преку он лине ресурси и други видови на обуки семинари и курсеви рганизирани од акредитирани НВО организации, здруженија на граѓани и друго.

Нашиот наставен кадар и стручните соработници се карактеризираат перманентен професионален развој , со многубрјони награди, признанија , проекти на локално, државно и меѓународно ниво.

Постои потреба за унапредување на водење – евидентирање на професионалниот развој на наставниците во нивнот лично професионално досие

**Идни активности:**
**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на оваа област кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**

- Унапредување на процесот на континуирано водење – евидентирање на професионалниот развој на наставниците во нивното лично професионално досие.

**Област 4 УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**

| Област на самоевалуација<br>4.Управување и раководење | Подрачја | Индикатори за квалитет на работата на училиштата |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| НОСИТЕЛ<br>Ирена Пантова | **7. Управување, раководење и креирање политика**<br>Координатор: Олга Георгиевска<br>Членови на тимот: | 4.1/7.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2/7.1 Цели и креирање на училишната политика<br>4.3/7.3 Развојно планирање<br>4.4/6.1 Сместување и просторни капацитети<br>4.5/6.2 Наставни средства и помагала<br>4.6/6.5 Финансиско работење на училиштето |

| **Област 4** | **Управување и раководење** | |
|---|---|---|
| **Подрачје 7**<br>**Подрачје 6** | **Раководство, креирање политики**<br>**Ресурси** | |
| **Индикатори за квалитет 4.1/7.1** | **Управување и раководење со училиштето** | |
| **Теми:** | **1. Управување со училиштето**<br>**2. Раководење со училиштето** | |
| 1.Управување со училиштето | ООУ „Јан Амос Коменски“– Карпош, Скопје верифицирано е со број 11-587/3/31-01-1986 годинаод органот за верификација МОН.<br>Врз основа на Законот за основно образование (Сл.весник 161/23 од 5 август 2019г.) орган на управување на основно училиште Член 106 (1) Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор. (2) Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот. (3) На седниците на училишниот одбор, се повикуваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент. (4) Членовите на училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава. (5) Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.<br>Училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање. (7) Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови. (8) Директорот на училиштето не учествува во работата на училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето може да биде поканет од страна на | - Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители)<br>- Записници од состаноци на УО<br>- Записници од Совет на родители<br>-Записници од наставнички совет<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишен извештај за работа на училиштето<br>Развојна програма<br>Самоевалуација на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | претседателот на училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на училишниот одбор.<br><br>(1) Училишниот одбор на основното училиште: - донесува статут на основното училиште, - предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината, а државните основни училишта до Министерството, - донесува Развојна програма на училиштето, - предлага финансиски план до основачот, - предлага завршна сметка до основачот, - објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, - врши интервју со кандидатите за директор, - предлага на градоначалникот на општината односно на министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор, - дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници, - одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште, - одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и - врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште. (2) Училишниот одбор на основното училиште за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата. (3) Доколку подносителот на жалба е член на училишниот одбор истиот се иззема од процесот на одлучување по жалбата.<br>Училиштето има карактеристики на ефективен УО кои се воочуваат во:<br>- фокусирање на подобрување на учењето и успехот на учениците;<br>- промоција на значајно вклучување на родителите и на заедницата;<br>- активна вклученост во поставувањето на приоритетите на Училиштето;<br>- негување заедничка почит, доверба и разбирање;<br>- јасно разбирање на улогите и на одговорностите на УО и на раководството на Училиштето;<br>- Заедничка визија за успехот на учениците;<br>- одржување на високи етички стандарди;<br>- воспоставеност на јасна и отворена комуникација<br>Училишниот одбор работи на состаноци кои ги свикува Претседателот на УО во рок предвиден во согласност со Деловникот за работа на УО. Во Деловникот за работа на УО е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од поединечните структури во УО (освен во случаи на најавено отсуство). Во текот на своето работење од уредно водените записници на секој од состаноците е констатирана континуирана редовност на членовите прет-ставници на наставниците и родителите, што значи повеќе од | |

| | | |
|---|---|---|
| | половината членови, така што одлуките се носени со мнозинство гласови од вкупниот број членови на УО. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални, сеопфат-ни информации за својата работа на другите субјекти вклучени вклучени во воспитно-образовниот процес. Исто така УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на Училиштето и другите образовни структури. | |
| 2.Раководење со училиштето | Врз основа на Законот за основно образование чл. 109 став 1 Орган на раководење во основното училиште е директорот.<br>Училиште: Јан Амос Коменски – Карпош, Скопје<br>Директор: Маја Старова<br>Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија:<br>Училиштето верува во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик .<br>Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на Училиштето. Има изработено План за развој на училиштето – период на изработка 2019 – 2023 година. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во Училиштето. Директорот донесува одговорни одлуки.<br>Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално- финансиското работење на училиштето.<br>Директорот ги врши сите работи пропишани во законот за Основно образование во член 113Директорот раководи со човечките ресурси, педагошкото раководење, финансиското раководење во следниве подподрачја:<br>- Комуникации и односи со јавноста;<br>- Унапредување на меѓучовечките односи;<br>- Професионален и кариерен развој и обезбедување кадар;<br>- Планирање, подршка на наставата и учењето;<br>- Обезбедување на квалитет, создавање на здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на учениците.<br>- Раководење со финансиски и материјални ресурси.<br>Директорот формира тим за односи со јавноста и изготвува акционен план за презентација на училиштето (кои наставници ќе бидат вклучени, поттимови за разни активности). Го заснова своето работење врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.<br>Воспоставува продуктивни партнерства и соработка во непосредната и во пошироката заедница. Остварени партнерства со пошироката заедница:<br>Потпишување на заеднички меморандум со партнер училиште од Општина Боговиње, с. Камењане, ОУ„ Сабедин Бајрами“ | -Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители)<br>Записници од состаноци на УО<br>- Записници од Совет на родители<br>-Записници од наставнички совет<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишен извештај за работа на училиштето<br>Развоен план ма училиштето<br>Самоевалуација на училиштето<br>Финансиски план на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | Континуирана соработка со: МНТ, МОБ, Театар за деца и младинци, кино Милениум, МАНУ, МТВ, ДКЦ, МКЦ, ЈУДКЦ-Карпош, Црвен крст, Пакомак, British council – проекти со Mikro bit, Goethe Institut, Здружение Совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје, Општина Карпош, банки, библиотеки, музеи, национални галерии, средни училишта, факултети, училишта за деца со посебни потреби, градинка „Мајски Цвет“, еколошки организации, спортски здруженија, агенции.<br>Воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето.<br>Планира состаноци со вработените и навремено ги информира вработените. Конструктивно ја насочува дискусијата, има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето. Има план за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на наставниците и наставата. Ги поттикнува наставниците за вклучување во активностите за презентација на училиштето.<br>Користи јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите.<br>Применува техники за комуникација согласно ситуацијата и вклучените чинители. Креира промени и поттикнува цели.<br>Планира потребен персонал, спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработување, обезбедува стручен и компетентен кадар. Препознава и наградува индивидуални достигнувања. Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми, проекти (мултикултурализам, меѓуетничка интеграција во образованието, еко проекти и сл.). Формира работни тимови, учествува и ја следи изработката на годишната програма на училиштето. Изготвува оперативни и неделни планови за сопствената работа. Ги презентира годишните и развојни планирања пред органите и телата на училиштето и локалната заедница. Иницира, координира и насочува активности во наставата. Воспоставува процедури за планирање на наставата и на вонннаставните активност. Ги подржува наставниците при планирањето. Изработува и користи инструменти за следење на наставата ( подготовка и реализација). Следи наставни часови и дава повратна информација. Ја следи и вреднува ефикасноста на работата во училиштето (распоред на часови, наставни и воннаставни активности, вонучилишни активности). Учествува во проценката на инструментите и техниките за самоевалуација на работата на наставниците и стручните соработници. Води соодветно инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите. Обезбедува размена на добри практики на иновативна настава во рамки на училиштето. Креира интерни политики, процедури и инструменти за управување со квалитетот и презема активности за нивно спроведување.<br>Пронаоѓа можни извори на дополнително финансирање и презема активности за обезбедување дополнителни средства за училиштето. Го следи наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет на училиштето. Буџетот го користи за различни цели фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и развојот на | |

| | | |
|---|---|---|
| | училиштето во целина. Постапките за финансиското работење што ги спроведува се во согласност со законските акти. Обезбедува навремено исполнување на деловните обврски. Јавните набавки ги врши согласно законот.Обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршната сметка. Континуирано ја следи законитоста во финансиското работење. | |
| **Област 4** | **Управување и раководење** | |
| **Подрачје 7**<br>**Подрачје 6** | **Раководство, креирање политики**<br>**Ресурси** | |
| **Индикатори за квалитет 4.2/7.2** | **Цели и креирање на училишна политика** | |
| **Теми** | **1.Јасност и соодветност на целите**<br>**2. Процедури за креирање на училишна политика** | |
| 1.Јасност и соодветност на целите | Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на УО, Правилници и останатите подзаконски акти кои ги носи МОН, како и со насоките кои училиштето ги добива од БРО. Со нив се обезбедува квалитетна настава и во нивното креирање учествува наставниот кадар преку тимови. За реализацијата на истите информирани се вработените, родителите и УО. Училиштето има своја политика поврзана со дисциплината и поведението на учениците. За таа цел има донесено: Кодекс за однесување на учениците, интерни правила за изрекување на педагошки мерки, кои произлегуваат од Правилникот за изрекување на педагошки мерки донесен од МОН и кодекс на однесување за вработените. Во изработка на истите беа вклучени учениците и наставниот кадар. Училиштето е отворено за разновидни инцијативи покренати од: воспитно образовниот кадар, учениците, родителите и локалната средина,а се во склад со законските прописи и сите други видови на планирања во училиштето. По разгледувањето на иницијативите се донесуваат соодветни одлуки, се информираат заинтересираните страни и се пристапува кон реализација на планираното. | -Прилог бр. 1- Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители) |
| 2.Процедури за креирање на училишна политика | Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, основачот Општина Карпош – секторот за образование, при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО. Информирањето на заинтересираните субјекти (наставници, ученици и родители) се врши преку писмени документи доставени до субјектите, огласната табла, но и усно преку индивидуални и групни средби. Во креирањето на политиката на училиштето е вклучена и грижата за здравјето на учениците преку разновидни активности зацртани во наведените документи. На учениците им се овозможува да учествуваат на манифестации по повод одбележување на: културно уметнички, историски, еколошки, спортски активности, собирни акции и сл. | -Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители) |

| | | |
|---|---|---|
| **Област 4** | **Управување и раководење** | |
| **Подрачје 7**<br>**Подрачје 6** | **Раководство, креирање политики**<br>**Ресурси** | |
| **Индикатори за квалитет 4.3/7.3** | **Развојно планирање** | |
| **Теми** | **1. Цели на развојното планирање**<br>**2. Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br>**3. Материјално- технички средства**<br>**4. Инфраструктура** | |
| 1.Цели на развојното планирање | Целите на развојното планирање на училиштето се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и тие придонесуваат за подобрување на севкупните состојби во училиштето.<br>Органите и телата во училиштето активно се вклучени во креирањето на училишната образовна политика. Директорот на училиштето и стручната служба се одговорни за организацијата и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето.<br>Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми заработа на училиштето. Во процесот на самоевалуација се вклучени сите наставници. Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби. Училиштето ги информира наставниците и УО за поставените цели и динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на БРО, проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето. Наставниците имаат потреба од стручно усовршување за подобрување на стручните способности. Работата на наставниците-приправници ја следи ментор кој се одредува на Наставничкиот совет на училиштето за давање соодветната помош на приправникот. Наставниците стручно се усовршуваат преку екстерни семинари-обуки, интерни семинари–обуки, реализација на отворени часови, стручни консултации пред и по одржувањето на часовите, преку реализација на состаноци на стручните активи. Во училиштето има и тим за развој на наставниот кадар. | |
| 2.Професионален развој/стручно усовршување на кадарот | Темите за стручно усовршување на наставниот кадар кои ги избира училиштето се во склад со Развојното планирање на училиштето и приоритетните задачи во Годишната програма.<br>Стручното усовршување се базира врз прифатени проекти и во согласност со реализацијата на концепцијата за деветгодишно образование.<br>Училиштето има воспоставено процедура преку која што се врши дисеминација. Обучените наставници го споделуваат своето стекнатозначење преку стручните активи и преку | |

<table>
<tr><td></td><td>индивидуалната и тимска соработка со колегите.</td><td></td></tr>
<tr><td>3. Материјално технички – средства</td><td>Во однос на основните средства во училиштето според податоците утврдени од комисијата за попис на основните средства-инвентарот, училиштето истите ги поседува и користи и се сите на број, за што постојат евидентни листови каде се изразени во бројки.</td><td></td></tr>
<tr><td>4.Инфраструктура</td><td>Училиштето е сместено во една училишна зграда на два ката .Вкупната површина на објектот изнесува 4920  м2,на училишниот двор 12000 м2,а спортските терени и фискултурната сала 602 м2..
<table>
<tr><td></td><td>Вкупен број на училиштни згради</td><td>3</td></tr>
<tr><td></td><td>Број на подрачни училишта</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td>Бруто површина</td><td>1692 $m^2$</td></tr>
<tr><td></td><td>Нето површина</td><td>4920 $m^2$</td></tr>
<tr><td></td><td>Број на спортски терени</td><td>2</td></tr>
<tr><td></td><td>Број на катови</td><td>2</td></tr>
<tr><td></td><td>Број на училници</td><td>30</td></tr>
<tr><td></td><td>Број на помошни простории</td><td>13</td></tr>
<tr><td></td><td>Училишна библиотека, медијатека</td><td>1</td></tr>
<tr><td></td><td>Начин на загревање на училиштето</td><td>Централно греење</td></tr>
</table>
<table>
<tr><th>Просторија</th><th>Вкупен број</th><th>Површина ($m^2$)</th><th>Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Норма-тивот од 2019 год.)</th><th>Забелешка (се наведува по-требата од допол-нителни просто-рии, реконструк-ции и сл.)</th></tr>
<tr><td>Училници</td><td>16</td><td>1024 $m^2$</td><td>5</td><td>Потреба од нови училници заради зголемување на бр. на ученици</td></tr>
<tr><td>Кабинети</td><td>14</td><td>960 $m^2$</td><td>5</td><td></td></tr>
<tr><td>Библиотека</td><td>1</td><td>67 $m^2$</td><td>5</td><td></td></tr>
<tr><td>Медијатека</td><td>1</td><td>30 $m^2$</td><td>4</td><td></td></tr>
<tr><td>Читална</td><td>1</td><td>583 $m^2$</td><td>4</td><td></td></tr>
</table>
</td><td></td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Спортска сала | 1 | 230 m$^2$ | 5 | |
| Канцеларии | 1 | 12 000 m$^2$ | 5 | |
| Училиштен двор | 1 | 127 m$^2$ | 5 | |
| Заеднички простории за прослави | 1 | 200 m$^2$ | 5 | |
| Кујна | 1 | 264 m$^2$ | 4 | |
| Трпезарија | 1 | 960 m$^2$ | 5 | |
| Санитарни јазли | 1 | 67 m$^2$ | 5 | |

| | | |
|---|---|---|
| **Област 4** | **Управување и раководење** | |
| **Подрачје 7**<br>**Подрачје 6** | **Раководство, креирање политики**<br>**Ресурси** | |
| **Индикатори за квалитет 4.4/6.1** | **Сместување и просторни капацитети** | |
| **Теми** | **1.Просторни услови**<br>**2. Искористеност на просторните капацитети** | |
| 1.Просторни услови | Работата се одвива во една смена и секоја паралелка од одделенска настава си има своја училница.Секоја училница е во просек околу 63 м2, а просечен број на ученици во една паралелка изнесува 25 ученика,што значи дека на секој ученик му припаѓаат по 2,56м2 работен простор. Контонуирано две три години по ред во училиштето се зголемува бројот на учениците и може за кратко време да се соочи со недостаток од училници. Зголемениот прилив на ученици е поради новоизградените станбени објекти во близина на училиштето. | |
| 2.Искористеност на просторните капацитети | Во училиштето максимално се искористени сите простони капацитети за потребите на учениците и квалитетна реализација на наставата и вонраставните активности по реализација на редовната настава. | |
| **Област 4** | **Управување и раководење** | |
| **Подрачје 7**<br>**Подрачје 6** | **Раководство, креирање политики**<br>**Ресурси** | |
| **Индикатори за квалитет 4.5/6.2** | **Наставни средства и помагала** | |
| **Теми** | **1.Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>**2. Училишна библиотека**<br>**3.Потрошен материјал** | |
| 1.Опременост со стручна | Наставните средства и помагала обично се набавуваат преку донации, учества на проекти. За користење на технички наставни средтва и помагала се води евиднеција и се издаваат во | |

<table>
<tr><td>литература и наставни средства и помагала</td><td>училишната библиотека.Училиштето располага со стручна литература за наставници од околу 2500 прирачници и книги. Има потреба за надополнување на фондот на стручни изданија за наставниците и стручните соработници. Учениците и родителите се задоволни од фондот за книги и лектири за ученици иако секогаш има потрбеа од надополнување на истиот, преку донации, активнсти по повод месецот на книгата и други начини за надополнување на книжевниот фонд на училишната библиотека.</td><td></td></tr>
<tr><td>2.Училишна библиотека</td><td>Училишната библиотека располага со стручна литература, лектирни изданија и слободна литература. Вкупниот број на книги во библиотека изнесува 17840. Се води библиотечна евиденција согласно критериумите на МОН.
<table>
<tr><th>Реден број</th><th>Библиотечен фонд</th><th>Количество</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Лектирни изданија</td><td>12 500</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Стручна литература за наставници и стручни соработници</td><td>2 500</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Енциклопедии</td><td>150</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Учебници (бесплатни кои се доставуваат на учениците од 1-9 одд. преку МОН)</td><td>7282</td></tr>
</table></td><td></td></tr>
<tr><td>3. Потрошен материјал</td><td>Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, но набавката во целост не ги задоволува реалните потреби. Потрошниот материјал за потребите на училиштето се набавува преку распишување на тендери. Истиот се планира и набававува согласно тендерска документација.</td><td></td></tr>
<tr><td>Област 4</td><td colspan="2">Управување и раководење</td></tr>
<tr><td>Подрачје 7<br>Подрачје 6</td><td colspan="2">Раководство, креирање политики<br>Ресурси</td></tr>
<tr><td>Индикатори за квалитет 4.6/6.5</td><td colspan="2">Финансиско работење на училиштето</td></tr>
<tr><td>Теми</td><td colspan="2">1.Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>2. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет</td></tr>
<tr><td>1.Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење</td><td>Утврдени се постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Училишниот одбор донесува Годишен план и го разгледува Годишниот извештај за финансиското работење на училиштето.</td><td></td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| 2.Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Транспарентноста се остварува така што УО разгледува и донесува одлуки во врска со намената на финансиските средства, Годишен план за јавни набавки се доставува до Општината, Советот на родители е информиран за секоја одлука во врска со трошењето на средствата од училишниот буџет | |

**Анализа на анкетите**
**Анализа на анкетите за наставници**

## Наставници:



Раководниот орган ги координира вработените и активно ги вклучува во развојните политики на училиштето ( изработка и реализа...звештаи, планови, интерни проекти и слично).

45 responses




Активностите, работата и донесените одлуки на раководниот орган се јавни и транспарентни.

45 responses



Раководниот орган е носител, иноватор и поддржувач на промените во образование (воспитно образовниот процес).

45 responses




Сите информации што произлегуваат од раководниот орган се навремено, јавно и транспарентно доставени до вработените.

45 responses






## Анализа на анкетите за родители

**Родители:**



Раководниот орган е носител, иноватор и поддржувач на промените во образованието (Воспитно образовниот процес).

78 responses




Сите информации што произлегуваат од раководниот орган се навремено, јавно и транспарентно доставени до родителите.

78 responses




Училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците со лектирни изданија и дополнителна литература.
78 responses
16.7%
78.2%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам

**Ученици:**

Учениците редовно се информирааат и учествуваат во активностите кои се реализираат и планираат во училиштето каде што се бара нив...ество и реализација на училишните политики.
97 responses




Учениците редовно се информирааат и учествуваат во активностите кои се реализираат и планираат во училиштето каде што се бара нив...ество и реализација на училишните политики.
97 responses



Во училиште учениците ги почитуваат куќниот ред и кодексот за однесување

97 responses




Имаме можност за непречена и отворена соработка со раководниот орган за реализација на нашите идеи и потреби.

97 responses



Училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците со лектирни изданија и дополнителна литература.

97 responses



| **Клучни  јаки и слаби страни** |
| --- |
| **Клучни јаки страни**<br>● Учениците редовно се информирааат и учествуваат во активностите кои се реализираат и планираат во училиштето каде што се бара нивно мислење, активно учество и реализација на училишните политики.<br>● Учениците имаат можност да го искажат своето мислење.<br>● Учениците имаате  можност за непречена и отворена соработка со раководниот орган  за реализација на нашите идеи и потреби.<br>● Сите информации што произлегуваат од раководниот орган се навремено, јавно и транспарентно доставени до вработените<br>● Раководниот орган ја следи работата на вработените, насочува, поттикнува и го вреднува трудот постигнатиот резултат.<br>● Раководниот орган ги координира вработените и активно ги вклучува во развојните политики на училиштето ( изработка и реализација на програми, извештаи, планови, интерни проекти и слично).<br>● Активностите, работата и донесените одлуки на раководниот орган се јавни и транспарентни.<br>● Раководниот орган е носител, иноватор и поддржувач на промените во образованието( Воспитно образовниот процес).наставници висок процент<br>**Слаби страни**<br>● Учениците делумно го почитуваат Куќниот ред и Кодексот за однесување<br>● Постои потреба од зголемено учество на родителите во целокупната работа и креирањето на развојните политики на училиштето.<br>● Родителите се задоволни од информираноста за активностите кои раководниот орган ги реализира во процесите на поддржување на иновативните промени во образовниот систем, но постои потреба истата да се подобри. |

| **Анализа на резултатите** |
| --- |

Овие резултати се приказ за состојбата на училиштето согледано од страна на учениците. Може да се каже дека од сите анализирани податоци се добива јасна слика за успешноста во работењето поврзано со областа –4– Управување и раководење

Учениците редовно се информирааат и учествуваат во активностите кои се реализираат и планираат во училиштето каде што се бара нивно мислење, активно учество и реализација на училишните политики, имаат можност да го искажат своето мислење, имаате можност за непречена и отворена соработка со раководниот орган за реализација на нивните идеи и потреби. и сите информации што произлегуваат од раководниот орган се навремено, јавно и транспарентно доставени до учениците.Постои потреба од доследно почитување на Куќниот ред и кодексот за однесување на учениците и ревидирање на постоечките правилници за однесување на ученици.

Наставниците се согаласуваат во најголем процент дека раководниот орган:

- ја следи работата на вработените, насочува, поттикнува и го вреднува трудот постигнатиот резултат.
- ги координира вработените и активно ги вклучува во развојните политики на училиштето ( изработка и реализација на програми, извештаи, планови, интерни проекти и слично)
- активностите, работата и донесените одлуки на раководниот орган се јавни и транспарентни.
- раководниот орган е носител, иноватор и поддржувач на промените во образованието ( Воспитно образовниот процес)..

Родителите се исто така задоволни од сите сегменти во областа управување и раководење , но постои потреба според нив да ее унапреди улогата на раководниот орган како иноватор, поддржувач и носител на прмените во образовниот процес и сметаат дека треба да го зголемат своето учество во работа и креирањето на развојните политики на училиштето.

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на оваaобласт кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**

- Почитување на Куќниот ред и Кодексот за однесување од страна на учениците во воспитно образовниот процес.
- Зголемеување на вклученост на родителите во целокупната работа и креирањето на развојните политики на училиштето.

**ОБЛАСТ 5- КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

| **5.Комуникации и односи со јавноста**<br><br>НОСИТЕЛ<br>Елизабета Теодосиевска | **Подрачја**<br><br>**5.Комуникации и односи со јавноста**<br>Координатор:Јасмина Макалоска | **Индикатори за квалитет на работата на училиштето**<br><br>5.1. Комуникации на ниво на училиште<br>5.2. Комуникации на ниво на училница<br>5.3. Комуникации со окружувањето на училиштето |
|---|---|---|

| **5.1 Комуникации на ниво на училиште** | | |
|---|---|---|
| **ОБЛАСТ 5** | **КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА** | |
| **Подрачје 5** | **ЕТОС** | |
| | | |
| **Индикатори за квалитет 5.1** | **5.1 Комуникации на ниво на училиште** | Извори, на докази |
| **Теми** | **5.1.1 Комуникација: директор-вработени**<br>**5.1.2 Комуникација: стручен соработник-наставник**<br>**5.1.3 Комуникација: наставник-наставник**<br>**5.1.4 Комуникација: наставник/ стручен соработник со административно технички персонал**<br>**5.1.5 Комуникација на состаноците на наставничкиот совет, одделенските совети или советот на паралелката и стручните активи** | |
| **5.1.1 Комуникација: директор-вработени** | Во нашето училиште постои солидна комуникација помеѓу директорот и вработените. | Записници од одделенски и наставнички совет |

| | | |
|---|---|---|
| | Редовно и навремено се одржуваат состаноци за нормално функционирање на работата на училиштето на кои вработените се информираат за преземените активности од страна на директорот и имаат можност за учество во процесот на донесување одлуки. На ваквите состаноци се бараат и предлози и решенија за постојано подобрување на заедничките цели како и реализација на училишните приоритети. На истите се разговара за актуелни тековни проблеми (распределба на часови, раководства, разгледување на полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето, како и многу други тековни работи). Комуникацијата се одвива преку следење, анализирање, информирање, координирање и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја. Со цел подобрување на квалитетот и ефективноста на работењето на училиштето во нашето училиште се формирани училишни тимови кои ги опфаќаат сите области од воспитно образовниот процес.<br>Во периодот на Ковид пандемијата кога училиштето работеше со учење на далечина, состаноците се одржуваа на плтаформите ZOOM и MIcrosoft Teams. | Записници од стручни активи<br>Записници од Училишен одбор<br>Госишна програма и Годишен извештај за работа на училиштето |
| **5.1.2 Комуникацијата стручен соработник - наставник** | Комуникацијата стручен соработник - наставник функционира перманентно и двонасочно во текот на целата година за заедничко и квалитетно креирање на мислење за карактерот и однесувањето на ученици кои покажуваат промени во однос на однесувањето за време на наставата, промени во соврсничката комуникација со цел заедничко наоѓање решенија за надминување на нивните проблеми .Детектирање на учениците со ПОП и заедничко делување во изготвувањето на нивната програма и заложби за издејствување на лица придружници на овие деца од Ресурсниот центар-Златен Сремац.. Стручните соработници даваат поддршка на наставниот кадар при реализацијата на содржините кои во текот на годината се јавуваат во организација со надворешни лица, организации и установи. Информациите за стручни советувања ги | Програма за работа на Стручни активи<br><br>-Пополнети инструменти од посетени часови/Отворени часови<br><br>-Документација од МОН и ОК,<br><br>-Документи со Барања за одобрување придружници, |

| | | |
|---|---|---|
| | доставуваат навремено до наставниците и организираат предавања од сферата на интерес на наставниците и нивната педагошка дејност. Стручните соработници вршат посети на отворените часови кај секој наставник и присуствуваат на состаноците на Стручните активи каде ја споделуваат информираноста за сите новини и измени во воспитно-образовниот процес. Секогаш даваат поддршка при решавање на конфликтни ситуации. На одделенските совети со класните раководители ги детектираат учениците кои имаат проблем во вид на: нередовно посетување настава, слаб успех, проблематично поведение и др. и договараат средби со нивните родители за надминување и решавање на проблемот. Организираат работилници за професионално надградување на знаењата и подобра инклузија на децата со дислексија. | -Согласности од родители<br><br>- Записници од средби со родители повикани на разговор за запознавање и надминување на проблемот на нивните деца<br><br>-Анкети за наставници, ученици и родители |
| **5.1.3 Комуникација: наставник-наставник** | Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети при изготвување на годишната програма за наставни и вонnаставни активности како што се: работа и планирањата за екскурзии, посети, натпревари, учество на хепенинзи, базари и приредби со учениците во текот на целата година.<br>-Соработка на наставниците во однос на заедничко учество во настани, работилници, семинари, обуки при што вршат размена на идеи, искуства и предлози за одредени тематски целини и наставни содржини. Наставниците заеднички дискутираат одделни случаи по потреба, донесуваат заклучоци и утврдуваат следни чекори за дејствување.<br>-Стручните активи се состануваат според предвидената динамика, разгледуваат актуелни прашања, споделуваат искуства од посетени обуки, се врши редовна дисеминација по спроведени обуки/семинари на ниво на училиште. | Програма за работа на Стручни активи<br><br>-Пополнети инструменти од посетени часови/Отворени часови<br><br>-Документација од МОН и ОК,<br><br>-Документи со Барања за одобрување придружници, |

| | | |
|---|---|---|
| | -Постои соработка помеѓу наставниците при реализација на отворени часови, како и соработка на релација ментор и наставник приправник.<br>-Се остварува соработка и со наставници од други училишта од општината/други општини во државата и надвор од неа. | -Согласности од родители<br><br>- Записници од средби со родители повикани на разговор за запознавање и надминување на проблемот на нивните деца<br><br>-Анкети за наставници, ученици и родители |
| **5.1.4 Комуникација: наставник/ стручен соработник со административно-технички персонал** | Комуникацијата помеѓу наставникот/стручниот соработник и административно техничкиот персонал се остварува со давање навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените.<br>-Постои заемна комуникација во однос на спроведување на Куќниот ред, дежурствата, соопштенијата, прибирањето на податоци, изготвување табели и други тековни задолженија.<br>-Се врши континуирано одржување, сервисирање на ИКТ- опремата со која располага училиштето.<br>-Редовно се одржуваат и наставните средства, помагала, инвентар од страна на хаусмајсторот.<br>-Се води и грижа за хигиената во училиштето, за навремено дезинфицирање и дератизирање на просториите во училиштето, сервисирање и одржување на ПП-Апаратите и др.. | |

| | | |
|---|---|---|
| **5.1.5 Комуникација на состаноците на наставничкиот совет, одделенските совети или советот на паралелката и стручните активи** | Во нашето училиште редовно се одржуваат планираните состаноци на Наставничкиот совет на кои се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето. Директорот секогаш навремено го информира Наставничкиот совет за одржувањето на состаноците. Планираниот Дневниот ред уредно се става на гласање и усвојување. Истиот може да биде дополнет и од страна на наставниците. Идеите или мислењата на дадените предлог точки слободно се изложуваат и дискутираат, и се почитуваат различните мислења.<br>- Состаноците на Советот на паралелките-Одделенските совети се одржуваат согласно предвиденета динамика во Годишната програма за работа на училиштето. Се одржуваат редовно, на секое тримесечје (или 4 во текот на учебната година) и по потреба вонредно се закажуваат и одржуваат и надвор од горенаведените периоди. На состаноците на одделенските совети, членовите уредно присуствуваат и учествуваат во дискусиите. Од страна на одделенските раководители се дава приказ на работата на учениците во паралелката поединечно и се посочуваат ученици со поголем број на отсуства (оправдани или неоправдани) или ученици со проблеми со дисциплината. Наставниците заедно со стручната служба договараат постапки и пронаоѓаат начини за решавање на детектираните проблеми. | |
| **Индикатори за квалитет 5.2** | **5.2 Комуникации на ниво на училница** | - |
| **Теми:** | **5.2.1. Комуникација: наставник-ученик**<br>**5.2.2. Комуникација: ученик-ученик**<br>**5.2.3. Комуникација: стручен соработник-ученик** | |

| | | |
|---|---|---|
| **5.2.1. Комуникација: наставник-ученик** | Во нашето училиште постои добра соработка и комуникација и заемна почит меѓу наставниците и учениците. Наставниците успешно воспоставуваат позитивна двонасочна комуникација, ги поттикнуваат учениците да го искажат своето мислење, да дојдат до правилното решение или одговор на поставените задачи, ги мотивираат за повисоки постигнувања, позитивно влијаат на состојбата, условите и климата за работа. Наставникот дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот, постигањата и потребите на ученикот, а со тоа ги мотивира учениците. Наставниците даваат помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии. | |
| **5.2.2. Комуникација: ученик-ученик** | Во училиштето постои комуникација ученик-ученик за која можеме да кажеме дека е на солидно ниво. На транспарентен и демократски начин се врши избор на претставници во Ученичката заедница/Училишниот парламент/Клуб на Црвен крст. Постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини. Се преземаат иницијативи за организирање активности за помош и подршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми. Се организираат работилници и активности за почитување на различностите. Овие активности учениците ја реализираат преку состаноците на Училишниот парламент како и на часовите на Одделенска заедница, преку изучување на наставните содржини од животни вештини или во корелација со проектните активности од МИО. Учениците работаат во парови, групи и тимови по дадени упатства од наставникот, соработуваат, се надополнуваат, заеднички се договараат за презентација, ги | |

| | | |
|---|---|---|
| | почитуваат правилата во групата и во училницата. Комуникацијата ученик-ученик продолжува и надвор од рамките на училиштето, при изработка на зададени проекти од страна на наставниците. | |
| 5**.2.3. Комуникација: стручен соработник-ученик** | Постои редовна информираност кај учениците за активностите што ги преземаат стручните соработници во текот на учебната година.<br>-Учениците имаат можност за разговор и поддршка од стручниот соработник, доколку се соочат со било каков проблем во училиштето. Учениците се навремено и целосно информирани за новостите кои се во нивен непосреден интерес и нивното мислење се зема предвид во носењето на заедничките одлуки. Во училиштето и самите ученици имаат можност да партиципираат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Ваквите активности учениците особено ги реализираат на состаноците на Ученичкиот парламент,Клуб на Црвен крст и Ученичка заедница, а исто така и преку анкетни листови сами одбираат едукативни теми за кои се организираат и работилници (пример , соработката со Х.Е.Р.А, Меѓаши, Отворете ги прозорците , Eko logic и многу други) .<br>-Стручниот соработник дава информации и спроведува активности за професонална ориентација и правилен избор на идното занимање на учениците од деветто одделение и организира промоција и претставување на средните училишта пред учениците од деветтите одделенија во текот на деновите од месец февруари до мај.<br>-Стручната служба ги информира учениците за нивните права и обврски. За учениците кои покажуваат слаб успех, проблеми со редовност и дисциплина, стручниот соработник редовно организира советување за учениците се со цел подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на часовите и во училиштето. | |

| | | |
|---|---|---|
| **Индикатор за квалите 5.3** | **Комуникации со окружувањето на училиштето** | |
| **Теми:** | **5.3.1 Комуникација со родителите на учениците**<br>**5.3.2 Комуникација со институции од централно ниво:МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ**<br>**5.3.3 Комуникација со институциите од Локалната самоуправа – Градоначалник, Општински совет и јавни установи**<br>**5.3.4 Комуникација со други образовни институции во државата и странство**<br>**5.3.5 Комуникација со граѓански здруженија и донатори**<br>**5.3.6 Комуникација со бизнис сектор** | |
| **5.3.1. Комуникација со родителите на учениците** | -Родителите се задоволни од соработката и вклученоста во животот и работата на училиштето. Редовно се информирани за постигнувањата на учениците од страна на наставниците на приемниот ден за родители и родителските состаноци, а успехот и постигнувањата на учениците се следат и преку едневникот.<br>-Родителите се задоволни од соработката со претставниците на Советот на родители, Стручната служба и управувањето на училиштето.<br>-Постои вклученост на родителите во организација, предавање и работилници кои обработуваат актуелни теми. Најчесто тоа се културни манифестации, предавања од областа на нивната струка, базари, хуманитарни, еколошки акции и друго.<br>. | Документи со Барања за одобрување придружници,<br><br>-Согласности од родители<br><br>- Записници од средби со родители повикани на разговор за запознавање и надминување на проблемот на нивните деца<br><br>-Анкети за наставници, ученици и родители |
| **5.3.2. Комуникација со институции од централно ниво:МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ** | Постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЦСР, РПБС; СВР- одделение за малолетна деликвенција).<br>Се организираат семинари, обуки, предавања, различни консултации и посети од страна на споменатите институции. Организираните семинари и обуки се редовно посетени од | |

| | | |
|---|---|---|
| | наставниците кои се цел на истите или пак од стручната служба и Директорот, во зависност од темите. Сите побарувања од страна на МОН се исполнуваат навремено и потребните податоци се испраќаат во дадените рокови. Комуникацијата со БРО е позитивна и се одвива според потребите и побарувањата. Советниците и инспекторите од МОН, БРО и ДПИ редовно вршат инспекциски надзор во нашето училиште и при таквите посети се остварува позитивна комуникација. | |
| **5.3.3 Комуникација со институциите од Локалната самоуправа – Градоначалник, Општински совет и јавни установи** | Комуникацијата со Локалната самоуправа се остварува преку состаноци на Директорот и членови на Локалната самоуправа. Се соработува во разгледување и усвојување на Годишната програма и Годишните извештаи за работата на училиштето, на почетокот и крајот  на учебната година, па до разгледување и решавање на тековни проблеми од интерес на училиштето, во текот на целата година. По потреба и претставници на Локалната самоуправа учествуваат на состаноци во училиштето. Исто така, соработка со Локалната самоуправа се остварува и преку аплицирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето. Нашето училиште редовно учествува на конкурси, натпревари, одбележување на важни и значајни датуми кои ги организира Општината, а вршиме и посета на институциите од Локалната самоуправа која ни е предвидена со Годишните програми. | |
| **5.3.4.Комуникација со други образовни институции во државата и странство** | Училиштето остварува контакт со други образовни институции.<br>На крајот од учебната година стручните соработници заедно со претставници од средни училишта (НОВА, ПСУ Јахја Кемал, Приватна гимназија Алгоритам, Приватна гимназија Св. Лука, СЕТУ Михајло Пупин, СУГС Димитар Влахов, СУГС Лазар Танев, СУГС Арсениј Јовков и др.) организираат работилници при што вршат презентација и едукација која им помага на учениците од деветтите одделенија при нивната професионална ориентација. Исто така нашето училиште има соработка и со | |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, Национална галерија НУБ „Климент Охридски“, со Амбасадата на РЧешка, со Фондот за иновации и технолошки развој, МОН, Просветно дело, АЛБИ, АРС ЛАМИНА. Здружение АЈНШТАЈН, ПМФ, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Скопје, градинки, основни и средни училишта, ОУ„Иднина“, Филхармонијата, театрите, кината, музеите, МКЦ, ЦЈЗ, Сојуз за грижи и воспитување на децата, ЕЛТАМ и др.институции и образовни центри. | |
| **5.3.5. Комуникација со граѓански здруженија и донатори** | Соработката со граѓанските здруженија се остварува преку реализација на одредени проекти, акции и слично. Од таков вид се: НВО„Сината птица“, НВО„ Хера“, „Ајнштајн“, Прва Детска Амабасада на Светот „ Меѓаши“, Британскиот конзулат за проектот „ Училиште на 21 век“ и др. Во нив учествуваат наставници, претставници од стручната служба и Директорот и по потреба - инволвираните посетуваат семинари или информативни состаноци и исполнуваат обврски кои произлегуваат од таквата соработка. Донаторите на училиштето најчесто се нашите родители кои доброволно се вклучуваат во опремувањето и подобрувањето на условите или пак учество во хуманитарни акции за помош на ученици од социјално ранлива категорија. | |
| **5.3.6. Комуникација со бизнис секторот** | Училиштето остварува соработкии со разни претпријатија, фирми од бизнис секторот кои сакаат да му помогнат на училиштето во одредени сегменти во неговото работење. бизнис секторот. Реализира одредени заеднички проекти, акции и слично.Соработува со НЛБ, Стопанска банка, Комерцијална банка и други, за едукација на учениците во областа на штедењето, екологијата и друго. | |

## АНАЛИЗА НА АНКЕТИТЕ

**Анкети за наставници**

**Од доставени 50 анкети, повратно се добиени 45 анкети или 90%**

**5.1. Комуникации на ниво на училиште за време на реализација на наставата со физичко присуство и на далечина.**

**1**.Постои добра комуникација помеѓу Директорот, Стручната служба и вработените.




**На ова прашање се согласувам одговориле 73,3%, делумно се согласувам 20 %, не се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

**2.** Стручната служба дава поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско-процесно планирање и сценарио за час.




**На ова прашање се согласувам одговориле 75,6 %, делумно се согласувам 22,2 %, а не се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

**3**. Наставниците имаат меѓусебна соработка и разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и помеѓу сродни/несродни предмети.




**На ова прашање се согласувам одговориле 86,7 %, делумно се согласувам 13,3 %, а не се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

**4**. Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените.




**На ова прашање се согласувам одговориле 86,7 %, делумно се согласувам 11,1 %,а не се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

**Анкети за ученици**

**Од доставени 100 анкети, повратно се добиени 97 анкети или 97.00 %**

**5.2. Комуникации на ниво на училница за време на реализација на наставата со физичко присуство и на далечина.**

**1.**Комуникацијата наставник-ученик е заснована на заемна почит, поддршка и разбирање.




**На ова прашање се согласувам одговориле 83,5 %, делумно се согласувам 14,4 %,а не се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

**2.** Наставниците даваат редовна и навремена усна и писмена повратна информација за напредокот, постигањата и потребите на ученикот.




**На ова прашање се согласувам одговориле 83,5 %, делумно се согласувам 15,5 %, а не се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

3. Помеѓу учениците постои меѓусебна соработка, помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини.




**На ова прашање се согласувам одговориле 75,3 %, делумно се согласувам 22,7 %, не се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

3. Посетуваме трибини/работилници и се преземаат други активности за почитување на различностите и правата на учениците.




**На ова прашање се согласувам одговориле 62,9 %, делумно се согласувам 27,8 %, не се согласувам се изјасниле 9,3% од испитаниците.**

4. Стручната служба дава поддршка при решавање на кофликтни ситуации.




**На ова прашање се согласувам одговориле 77,3 %, делумно се согласувам 16,5 %, не се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

**Анкета за родители**

**Од доставени 100 анкети, повратно се добиени 78 или  78%.**

**5.3.Комуникации со окружувањето на училиштето** за време на реализација на наставата со физичко присуство и на далечина.

**1.**Родителите се редовно и навремено известени за напредокот, постигањата и потребите на учениците.




**На ова прашање се согласувам одговориле 85,9 %, делумно се согласувам 14,1 %  од испитаниците.**

**2.**Во училиштето се одржуваат состаноци на Советот на родители според Годишната програма.




**На ова прашање се согласувам одговориле 97,4 %, делумно се согласувам се изјасниле помалку од 5% од испитаниците.**

**3.**Училиштето ги вклучува родителите при реализацијата на одредени проекти, активности,предавања, трибини или работилници.



**На ова прашање се согласувам одговориле 57,7 %, делумно се согласувам 28,2 % а не се согласувам се изјасниле 14,1% од испитаниците.**

**4**.Постои соработка на Стручната служба со родителите за помош и поддршка на ученици со емоционални и други потешкотии, идентификација на деца со ПОП, и сл.




**На ова прашање се согласувам одговориле 69,2%, делумно се согласувам 21,8 % а не се согласувам се изјасниле 9 % од испитаниците.**

| **Клучни јаки и слаби страни:** |
| --- |

**Клучни јаки страни**

- Во училиштето постои позитивна практика на редовно одржување и присуствување на состаноци на Наставничкиот совет, Одделенските совети или Советот на паралелката и Стручните активи, исто така и родителите) оценуваат дека постои добра практика на одржување состаноци на Советот на родители според Годишната програма.
- Работната клима во училиштето е позитивна; Наставниците соработуваат меѓусебе и разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и со сродни и со несродни предмети;
- Во однос на обезбедувањето информации навремено, за сите законски измени кои се во интерес на вработените, голем процент од вработените се изјасниле дека се задоволни
- Позитивно е што голем број од родителите сметаат дека навремено и редовно се известувани од наставниците за напредокот, постигањата и другите потреби на учениците;
- Исто така и учениците оцениле дека од наставниците добиваат јасна, транспарентна и навремена усна и писмена повратна информација за својот напредок, постигања и потреби.
- Се заклучува и дека соработката помеѓу учениците е на високо ниво, бидејќи за меѓусебната соработка, помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини најголем број од учениците се искажале дека се задоволни.
- Комуникацијата наставник-ученик е солидно оценета, заснована на заемна почит, поддршка и разбирање .
- При решавање на конфликтни ситуации од добиената поддршка од Стручната служба најголем број од учениците се задоволни со што за работата на Стручната служба се заклучува дека е секогаш во интерес на потребите на учениците.
- Исто така, и наставниците се задоволни од поддршката на Стручната служба при изработката на годишното, тематското-процесно планирање и исто така се задоволни и од комуникацијата во тријаголникот Директор, Стручна служба, наставник.

**Слаби страни**

- Родителите не се доволно вклучени при реализација на одредени проекти, активности, предавања, трибини или работилници.
- Учениците имаат потреба од организација на повеќе трибини/работилници и други активности за почитување на различностите и правата на децата.
- Соработката помеѓу Стручната служба со родителите за помош и поддршка на ученици со емоционални и други потешкотии, идентификација на деца со попреченст; е континурина , но постои потреба да се подобри.

**Анализа на резултатите:**

Гледано од страна на родителите, наставниците и учениците, од сите сумирани резултати може да се каже дека се добива јасна слика за успешноста во работењето на наставниот и стручниот кадар во училиштето, поврзано со О**бласта 5 – Комуникација и односи со јавноста**. Постои добра практика на одржување состаноци на училиштето со Советот на родители според Годишната програма. Родителите се задоволни и од реализацијата и организацијата на разните видови средби и соработка со наставниот кадар и стручната служба. Родителите се задоволни од начинот на добивање на информации за напредокот, постигањата и другите потреби на учениците.

Училиштето дава помош и поддршка на учениците со емоционални, социјални и здравствени потешкотии. Висок е процентот на задоволни и од подеднаквата вклученост и третман на сите ученици во воспитно образовниот процес. Во однос на наставниците, Директорот, Стручната служба и нивната меѓусебна соработка, може да заклучиме дека во нашето училиште владее позитивна клима за соработка помеѓу сите вработени.

Во однос на оние прашања кај кои се појавија помали проценти и кои претставуваат точки на кои треба да се работи во иднина, училиштето може да се ангажира повеќе да ја развие соработката со ѓраѓански здруженија, донатори, бизнис секторот, со што повеќе би ги вклучило и родителите при реализацијата на одредени проекти, активности, предавања, трибини или работилници, како и можност за зголемување на соработка на Стручната служба со родителите за помош и поддршка на ученици со емоционални и други потешкотии, и идентификација на деца со попреченост.

Како неминовна се јавува потребата од почеста организација и спроведување на трибини / работилници и други активности кои ќе придонесат во јакнењето на меѓудругарските односи, за почитување на различностите и правата на учениците.

Сите резултати на преостанатите прашања имаат висок процент и претставуваат наша јака страна. Овие резултати се согласуваат со очекувањата на тимот и се одраз на реалната состојба во училиштето и квалитетот на работата на сите вработени во него.

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на оваа област кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**

- Континуирано организирање и спроведување на трибини / работилници и други активности кои ќе придонесат во јакнењето на меѓудругарските односи, за почитување на различностите и правата на учениците.
- Зголемување на соработката со ѓраѓански здруженија, донатори, бизнис секторот, со што би ги вклучило и родителите при реализацијата на одредени проекти, активности, предавања, трибини или работилници.
- Унапредување на соработката на Стручната служба со родителите за помош и поддршка на ученици со емоционални и други потешкотии, и деца со попреченост.

**ОБЛАСТ 6 УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**

| **Област на самоевалуација**<br>**6.Училишна клима и култура**<br><br>НОСИТЕЛ<br>Билјана Стојков | **Подрачја**<br><br>**5.Училишна клима и односи во училиштето**<br>Координатор: Јасмина Макалоска | **Индикатори за квалитет на работата на училиштата**<br><br>6.1/5.1 Училишна клима и односи во училиштето<br>6.2/5.3 Еднаквост и правичност<br>6.3/5.2 Промовирање на постигањата |
|---|---|---|

<table>
<tr><td>Област 6</td><td colspan="2">Училишна клима и култура</td></tr>
<tr><td>Подрачје 5</td><td colspan="2">ЕТОС</td></tr>
<tr><td>Индикатори за квалитет 6.1/5.1</td><td colspan="2">Училишна клима и односи во училиштето</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2">1.Углед/имиџ на училиштето<br>2.Кодекс на однесување<br>3.Училишна клима<br>4.Поведение и дисциплина во училиштето<br>5.Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки</td></tr>
<tr><td>1.Углед/имиџ на училиштето</td><td>Училиштето е препознатливо по високиот квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето.Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.</td><td rowspan="3">Извори на податоци:<br><br>-Годишна програма на училиштето<br>-Годишни планирања на наставниците по одделни предмети од I-IX одделение.<br>-Записници од стручните соработници<br>-Бележници на наставниците за активностите на учениците.<br>-Годишен извештај за работа на училиштето.<br>План за развоја на училиштето<br>-Записници од одделенските и стручните активи<br>-Записници од Наставнички совети</td></tr>
<tr><td>2.Кодекс на однесување</td><td>Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествувале преставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во пракса.</td></tr>
<tr><td>3.Училишна клима</td><td>Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училиштиот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без оглед на способности, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето. | -Записници од Совет на родители и Училишен одбор<br>-Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители) |
| **4.Поведение и дисциплина во училиштето** | Дисциплината на учениците е добра. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Учениците се совесни и соработуваат со кадарот и меѓусебно, и учтиво се однесуваат. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. | |
| **5.Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** | Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на ученичкиот парламент, ученичката заедница како и на часовите на одделенска заедница. Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Детска организација ги опфаќа учениците I-V одделение , Ученичката заедница ги опфаќа учениците VI-IX и Ученичкиот параламент од I-IX одделение. Раководното тело е избрано на демократски начин со јасни критериуми и тајно гласање. Со мнозинство на освоени гласови истото е активно во застапување на интересот на учениците. Ова е јасен индикатор дека во училиштето | |

| | | |
|---|---|---|
| | активно и целисходно работи и учествува ученичката заедница со комлетно изработена програма за работа. Меѓу другото вредни активности кои треба да ги споменеме, а од огромно значење се: ПХВ проектот, ХЕРА, работилница за методи на учење, кампања за врсничко насилство, работилница “Човекови права“ и други.<br>, | |
| **Област 6** | **Училишна клима и култура** | |
| **Подрачје 5** | **ЕТОС** | |
| **Индикатори за квалитет 6.2/5.3** | **Еднаквост и правичност** | |
| **Теми** | **1.Познавање на правата на децата**<br>**2.Еднаков и правичен пристап на сите ученици**<br>**3.Прифаќање и промовирање на мултикурализмот** | |
| **1.Познавање на правата на децата** | Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. На одделенските часови се практикуваат работилници во кои учениците се запознаваат со своите права и обврски прилагодени на возраста на учениците. Преку детската организација, ученичката организација и ученичкиот парламент учениците дискутираат, разговараат дебатираат за актуелните активности и проблеми на кои наидуваат во текот на реализација на наставта, во учењето , во меѓуврсничките релации и поставуваат барања за разрешување на тие проблеми до училитшето. Во соработка со стручаната служба во училитшето тредиционално неколку години по повод на денот на човековите права 10 декември се реализираат проектни активности во кои се вклучени ученици од 1-9 одделение.Овие проектни активности се однесуваат на теми на почитување на правата на децата, меѓуврсничка комуникација, почитување на различностите и истите се реализираат преку: ликовни и литературни конкурси, работилници, дикусии дебати на одделенските часови, на ученички | Извори на податоци:<br>-Годишна програма на училиштето<br>-Годишни планирања на наставниците по одделни предмети од I-IX одделение.<br>-Записници од стручните соработници<br>-Бележници на наставниците за активностите на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | парламент и ученичка заедница  и во соработка со родителите, надворешни соработници и НВО организации ( Прва детска амбасада на светот Меѓаши, Отворена Порта и други).<br>Учениците од трето одделение тsрадиционално секоја учебна година во окотмври а посетуваат Првата детска амбасада на светот Меѓаши со која училиштето има меморандума за соработка и соработува на различни активности, проекти и обуки( Мировно образование, Стоп за врсничко насилство , Правилно користење на интернет комуникација). | -Годишен извештај за работа на училиштето.<br>План за развој на училиштето<br>-Записници од одделенските и стручните активи<br>-Записници од Наставнички совети<br>-Записници од Совет на родители и Училишен одбор<br>-Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители) |
| **2.Еднаков и правичен пристап на сите ученици** | Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. | |
| **3.Прифаќање и промовирање на мултикурализмот** | Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во РСМакедонија, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето организира заеднички воннаставни активности наменети за културно/јазички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. | |

| Област 6 | Училишна клима и култура | |
|---|---|---|
| Подрачје 5 | ЕТОС | |
| Индикатори за квалитет 6.3/5.2 | 6.3/5.4 Промовирање на постигањата | |
| Теми | 6.3.1. Промовирање на личните постигања на учениците<br>6.3.2. Промовирање на постигањата во име на училиштето | |
| **6.3.1.** .Промовирање на личните постигања на учениците | Промовирањето на личните постигнувања на учениците (машки и девојчиња),вклучувајќи ги и оние со послаби способности за учење во нашето училиште, е јавно на ниво на паралелка, и на ниво на генерација,и на ниво на училиштето. Наставата е поле во кое започнува натпревар помеѓу учениците за стекнување на знаењата и развивањето на способностите на учениците.<br>Наставата е поле во кое започнува натпревар помеѓу учениците за стекнување на знаења и развивањето на способностите на учениците. Тука започнува диференцирање на знаењата во учениците и способностите.<br>Исто така, многу важен е и процесот на следење и промовирање на постигнувањата на учениците. Заради целокупен увид во постигнувањата на учениците освен дневникот наставниците користат чек листи за формативно и сумативно оценување на постигнувањата на учениците во целост, како и водење на ученичко досие.<br>Вреднувањата на резултатите е во сообразност со Законот за основно образование – делот за оценување. Од овој аспект е потребно навремено воочување на напредувањето, но и заостанувањето на учениците и навреме да се пофалува, наградува и оценува. Примената на овие форми треба секогаш да е одмерена и стимулативна при што треба да се внимава на ненавредливоста на личноста на учениците. Во нашето училиште | Годишна програма на училиштето<br>-Годишни планирања на наставниците по одделни предмети од I-IX одделение<br>-Записници од стручните соработници<br>.Бележници на наставниците за активностите на учениците.<br>-Годишен извештај за работа на училиштето.<br>-Записници од одделенските и стручните активи<br>-Записници од Наставнички совети<br>-Записници од Совет на родители и Училишен одбор |

| | | |
|---|---|---|
| | учениците од I-IX одделение постојано учествуваат на натпревари и конкурси организирани од страна на училиштето, други училишта, општински натпревари, градски, републички, меѓународни натпревари и манифестации по сите наставни предмети од I-IX одделение.<br>Признанијата, наградите, пофалбите и дипломите кои ги красат ѕидовите на училиштето сведочат за една континуирана соработка и заемно почитување помеѓу наставниците и учениците која произлегува од секојдневниот несебичен ангажман на наставниците во квалитетна реализација на наставата и вонnаставните активности.<br>Наградените ученици се секогаш наградени и пофалени на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Нивните имиња и наградите секогаш се читаат и јавно се соопштуваат, пофалуваат, а се истакнуваат и на училишните паноа.<br>Увидовме од досегашното искуство дека треба да се создаде систем заинтерно наградување на учениците со повисоки постигнување, со цел- зголемување на мотивацијата за учење кај учениците и промовирање на нивните врвни постигнувања и во текот на нивното понатамошно школување.<br>Воедно тука не смееме да го запоставиме и заборавиме постигнувањата на учениците со послаби способности кои се истакнати и пофалени во самото одделение од наставникот, од нивните соученици како и од стручната служба.<br>Можеме да кажеме дека без оглед на способностите на учениците тие се вклучени во сите приредби, манифестации, патронати и други активности на училиштето.<br>Како заклучок мислиме дека има потреба од одредени интерни награди на ниво на училиште и од придавање на особена важност на наградите на учениците како позитивна мотивација за учење кај сите ученици. | Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители |

| | | |
|---|---|---|
| **6.3.2.**<br>Промовирање на постигањата во име на училиштето | Нашите ученици активно се вклучуваат во сите проекти од научен, спортски, хуманитарен карактер, организирани од страна на училиштето, другите училишта, месната заедница, градот, републиката и пошироко.<br>-Секоја година се остваруваат соработки со медиумите - нашите ученици учествуваат на сите детски емисии организирани во нашиот град, каде тимски го претставуваат и промовираат училиштето.<br>-Творбите на нашите ученици секогаш се присутни и во пишаните медиуми, како дел од ученичките списанија „Росица“ „Другарче“ „Развигор“ „Наш свет“ „Либи“ „ Колибри“ и сл. преку кои се промовира топлата училишна клима.<br>-Исто така присутна е и постојаната соработка со локалната заедница, посебно изразена преку спортот и спортските активности, натпревари од различен вид. Нашето училиште може да се пофали со златни, сребрени медали и пехари од кошарка, одбојка, ракомет и др.спортови.<br>-Промоција на училиштето постои и во рамките на хуманитарните акции спроведувани од Клубот на Црвениот крст. Дел од учениците учествуваат на промоција на хуманите вредности- секоја година се одржува хуманитарната акција „Ајварче за мене-ајварче за тебе“ каде се собираат прехранбени продукти за сиромашните семејства, во соработка со Одделението за Социјална работа при општина Карпош. Токму по оваа акција е препознатливо и нашето училиште. Покрај оваа акција, Клубот на Црвениот крст учествува и во разни други акции од хуманитарен карактер каде се собираат материјални или парични средства со кои се олеснува барем за малку животот на сиромашните семејства. | Годишна програма на училиштето<br>-Годишни планирања на наставниците по одделни предмети од I-IX одделение<br>-Записници од стручните соработници<br>.Бележници на наставниците за активностите на учениците.<br>-Годишен извештај за работа на училиштето.<br>-Записници од одделенските и стручните активи<br>-Записници од Наставнички совети<br>-Записници од Совет на родители и Училишен одбор<br>Анкетни прашалници (наставници, ученици, родители |

| | | |
|---|---|---|
| | -Нашето училиште е многу активно и на полето на Екологијата.ООУ„Јан Амос Коменски“ е двократен добитник на зеленото знаме, Еколозите секоја година го промовираат училиштето преку разни еколошки активности- боење на дрвца, засадување на садници, уредување и чистење на околината и училишниот двор, хортикултурно уредување на дворот во соработка и со родителите и со месната заедница, но и со компании кои донираат разни материјали со кои ја разубавуваме нашатаученичка средина. | |

**Анализа на анкетите**

**Анкети родители**

Ученици незвисно од полот, етничката припадност и социјалното потекло се еднакво вклучени во воспитанието и образованието во училиштето.

78 responses



Во училиштето се почитуваат правата на децата.

78 responses




Учениците во училиште се чувствуваат безбедни и среќни.

78 responses



Постои взаемно почитување и разбирање меѓу наставниците и учениците.

78 responses




Во училиштето се почитува кодексот на однесување на ученици.

78 responses



**Анкети наставници**






Учениците независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло се еднакво вклучени во воспитанието и образованието во училиштето.

45 responses




Наставниците подеданкво ги почитуваат учениците без разлика на нивните способности, пол, етичка припадност или социјално потекло.

45 responses



Во училиштето се почитуваат правата на учениците.

45 responses




Учениците во училиште се чувствуваат безбедни и среќни.

45 responses



Постои взаемно почитување и разбирање меѓу наставниците и учениците.
45 responses




Учениците го почитуваат Куќниот ред и Кодексот на однесување.
45 responses



За време на часовите наставникот превзема активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа и работна дисциплина
45 responses



## Анкети ученици

Училиштето ги мотивира, пофалува и наградува учениците за своето залагање и постигнат успех на натпреварите, конкурсите, проектите ...а кои учествуваат во и надвор од училиштето.

97 responses




Учениците меѓусебно се почитуваат независно од возраста, полот, националната и верската припадност.

97 responses



Учениците редовно се информираат и учествуваат во активностите кои се реализираат и планираат во училиштето.

97 responses




Во училиштето се чувствуваме безбедни и среќни.

97 responses



Во училиштето се почитува кодексот на однесување на ученици.

78 responses




Учениците независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло се еднакво вклучени во воспитанието и образованието во училиштето.

97 responses



| **Клучни јаки и слаби страни:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>● Взаемно почитување на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба во училиштето,<br>● Соработката на наставниот кадар меѓусебно, со учениците, родителите, Општината и локалната заедница е на високо ниво,<br>● Толеранција, почит и разбирање кон етничката, родовата и мултикултуралната различност,<br>● Учениците независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло се еднакво вклучени во воспитанието и образованието во училиштето.<br>● Во училиште учениците се чувствуваат безбедни и среќни<br>● Кога има потреба од хуманитарни акции и хепенинзи се спроведуваат со цел да се помогне на ученици од социјално ранливи семејства,<br>● На натпреварите кои се одржуваат на општинско, градско и државно ниво училиштето постигнува значајни резултати кои овозможуваат репрезентативност<br>● Учениците го афирмираат училиштето преку учество на општински, државни и меѓународни конкурси и натпревари, проекти и воннаставни активности и и претсавување преку медиумите<br>● Учениците редовно се информираат и учествуваат во активностите кои се реализираат и планираат во училиштето<br>● Учениците редовно се информираат за своите права правата и обврски<br>**Клучни слаби страни**<br>● Има потреба од поголема меѓусебната соработка и почит помеѓу учениците на иста и различна возраст.<br>● Кодексот за однесување во училиштето од страна на учениците не се почитува во целост.<br>● Работната дисциплина и пријатна атмосфера за работа на часовите во предметна настава е задоволителна.<br>● Наставниот кадар смета дека треба да се подобри соработката и взаемното почитивање во нивната секојдневна комуникација. |
| **Анализа на резултатите** |
| Овие резултати се приказ за состојбата на училиштето од достапната документација и анкетите согледани од страна на наставниците, родителите и учениците. Може да се каже дека од сите анализирани податоци се добива јасна слика за успешноста во работењето поврзано со областа –6– Училишна клима и култура. |

| |
|---|
| Во поглед на сите подрачја од оваа област на анкетата и за наставнци и за родители и за ученици со високи проценти сите се согласуваат дека во училиштето постои соработка помеѓу сите структури наставници, родители,ученици, постои толеранција, почит и разбирање кон етничката, родовата и мултикултуралната различност, родовата сензитивност и мултикултурализмот е предуслов за работа и се негува во најголема мера, се почитуваат правата на децата, во училиште учениците се чувствуваат безбедни и срекни, училиштето ги пофалува, мотивира и наградува учениците за своето залагање и постигнат успех на натпреварите, конкурсите, проектите и манифестациите на кои учествуваат во и надвор од училиштето,<br>Во училиштето е потребно учениците доследно да го почитуваат кодексот на однесување во училиштето (и за време на on-line наставата),<br>исто така потребно е да се подобри работната дисциплина и пријатна атмосфера за работа на часовите во предметна настава.Постои простор за работа на подобрување на меѓусебната соработка и почит помеѓу учениците на иста и различна возраст Иако постои континуирана соработка помеѓу наставниот кадар, наставниците сметаат дека треба да се подобри нивото на комуникација и взаемната почит помеѓу нив.<br>Во поглед на сите останати сегменнти од оваа област и наставниците и родителите и учениците се искажале со високи процени дека задоволни од работата, соработката и активностите во училиштето во склоп со потребите на учениците и нивната вклученост во училишниот живот. |
| **Идни активности:**<br>**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на оваа област кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.** |
| • Подобрување на меѓусебната соработка, почитување на различностите и позитивна врсничка комуникација помеѓу учениците на иста и различна возраст.<br>• Доследно почитување на Кодексот за однесување на учениците во училиштето.<br>• Унапредување на комуникациските вештини и меѓусебно почитување помеѓу наставниците. |

**Област 7  СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА**

| ОБЛАСТ<br>**7.Соработка со родителите и со локалната средина**<br><br>НОСИТЕЛ<br>Олимпија Јовческа | ПОДРАЧЈЕ<br>**5.Училишна клима и односи во училиштето**<br>Координатор: Јасмина Макалоска | ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ<br><br>**7.1/5.4**  Партнерски однос со родителите и локалната заедница |
|---|---|---|

| **Област 7** | **Соработка со родителите и локалната заедница** | |
|---|---|---|
| **Подрачје 5** | **ЕТОС** | |
| **Индикатори за квалитет 7.1/5.4** | **Партнерски однос со родителите и локалната заедница** | |
| **Теми** | **7.1.1.  Соработка на училиштето со родителите**<br>**7.1.2.Соработка со локалната заедница**<br>**7.1.3.  Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** | |
| 7.1.1.  Соработка на училиштето со родителите | Училиштето освен што изготвува план и програма за воспитно образовниот процес, изготвува програма за соработка со родителите и програма за работа на Советот на родители кои се интегриран дел во Годишната програма за работа на училиштето.<br>Родителите се вклучени во училишниот образовно-воспитен систем на повеќе нивоа:<br>- Родителски средби<br>- Отворени денови<br>- Приемни денови: стручна служба и наставници (истакнати на видно место во училиштето)<br>- Наставни активности и активности во и вон училиштето | -Годишна програма на училиштето<br>-Годишни планирања на наставниците по одделни предмети од I-IX одделение.<br><br>-Бележници на наставниците за активностите на учениците.<br>-Годишен извештај за работа на училиштето.<br>-Записници од одделенските и стручните активи<br>-Записници од Наставнички совети |

| | | |
|---|---|---|
| | -Совет на родители кој работи со своја програма, дава предлози, мислење и сугестии за подобрување на воспитно-образовната работа, информирани се за училишните активности и планови во текот на годината .<br>- Училишен одбор во кој родителите имаат свои претставници и на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето<br>- Индивидуални и организирани средби и настани како: приредби, проекти, хуманитарни акции.<br>Родителите се запознаени со правата и обврските на учениците преку правилникот за пофалби, избор и наградување на најдобри ученици – првенец во IX одделение, педагошките мерки за несоодветно однесување и неоправдани изостаноци и со секојдневната регулација на безбедност на повеќе нивоа, како: дежурства на наставниците (истакнати списоци на секој тракт), за безбедноста се грижи и техничкиот персонал и лицето кое го обезбедува објектот и дворот.<br>Стручната служба остварува индивидуални и групни советувања како и консултации со родителите, особено со родителите на деца со посебни образовни потреби, работи со училишниот парламент, спроведува тестирања за професионална и кариерна ориентација на учениците во деветто одделение како и идентификација на талентираниии надарени ученици, континуирано дава поддршка на наставниците за поуспешна реализација во работата со ученици со различни карактеристики и потреби. Стручната служба има клучна улога како линк помеѓу наставник-ученик-родител.<br>Поради Пандемијата со заразното заболување КОВИД 19 во текот на учебната 2020/2021 и 2021/2022 година горе наведените активности и соработка помеѓу родителите и училиштето се реализираа преку онлајн комуникација. на Microsoft Teams, Вибер, електоронска пошта. ZOOM апликација и други социјални мрежи и апликации достапни за комуникација. | -Записници од Совет на родители и Училишен одбор<br>Анкети за наставници и родители |

| | | |
|---|---|---|
| | Во текот на овој период во училиштето за време на средбите и активностите со физичко присуство се почитуваа мерките и протоколите во согласност со укажувањата и насоките од Владата, МОН и Министерството за здравство за работа на училиштата во време на Пандемија. | |
| 7.1.2.Соработка со локалната заедница | Соработката со општината е континуирана. Училиштето зема активно учество на сите настани и проекти кои се во организација на општината, како:<br>- Денови на Општина Карпош<br>- Ден на екологија<br>- Ден на Европа (ЕУ Инфо Центар)<br>- И ние сме учесници во сообраќајот<br>Соработката со институциите е континуирана. Училиштето зема активно учество во сите адмистративни работи, настани и проекти со:<br>- Министерства (грант за проект МИО и тековни известувања)<br>- Град Скопје (настани)<br>- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа<br>- Детски диспанзер Карпош<br>- Стоматологија Букурешт<br>-Завод за ментално здравје<br>- Државен завод за статистика<br>- Амбасада на Чешка<br>- Факултети (учество на едукативни работилници.соработка со Филизофски факултет, соработка со Педагошки факултет,, договор за соработка со филолошки факултет, соработка со ПМФ) | -Годишна програма на училиштето<br>-Годишни планирања на наставниците по одделни предмети од I-IX одделение.<br><br>-Бележници на наставниците за активностите на учениците.<br>-Годишен извештај за работа на училиштето.<br>-Записници од одделенските и стручните активи<br>-Записници од Наставнички совети<br>-Записници од Совет на родители и Училишен одбор<br>Анкети за наставници и родители |

| | | |
|---|---|---|
| | - Средни училишта (промоција и покана за отворен ден од нивна страна, присуство на работилници)<br>- Основни училишта (ОУ „ Сабедин Бајрами– меморандум за соработка и партнерски заеднички проект, ОУ „Стефан Сремчевик“-Каргуевац- збратимени училишта,<br>- Градинка Мајски Цвет (меѓусебни посети и настани)<br>Во текот на овој период во училиштето средбите и активностите со институциите се реализира онлајн но и со физичко присуство при што  се почитуваа мерките и протоколите во согласност со укажувањата и насоките од Владата, МОН и Министерството за здравство за работа на училиштата во време на Пандемија. | |
| 7.1.3.  Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | Соработката со домашни и меѓународни невладини организации е континуирана, тука можат да се споменат:<br>- Црвен крст на Македонија<br>- Арс Ламина<br>- Британски совет<br>- НВО Сината птица<br>- НВО Хера<br>- Еколошки организации ( Еко logic, ОХО, Go clean -go green, Нулта отпад)<br>- Здружение за дислексија Ајнштајн-Скопје<br>- Сојуз за грижи и воспитување на децата<br>- Спортски здруженија<br>- ПДАС „Меѓаши“<br>Соработка со деловната заедница:<br>- НЛБ Тутунска Банка АД Скопје<br>- Стопанска банка АД Скопје | •-Годишна програма на училиштето<br>-Годишни планирања на наставниците по одделни предмети од I-IX одделение.<br><br>-Бележници на наставниците за активностите на учениците.<br>-Годишен извештај за работа на училиштето.<br>-Записници од одделенските и стручните активи<br>-Записници од Наставнички совети<br>-Записници од Совет на родители и Училишен одбор<br><br>Анкети за наставници и родители |

| | | |
|---|---|---|
| | - Пакомак и други.<br>Во текот на овој период во училиштето средбите и активностите со невладините институции се реализира онлајн но и со физичко присуство при што се почитуваа мерките и протоколите во согласност со укажувањата и насоките од Владата, МОН и Министерството за здравство за работа на училиштата во време на Пандемија. | |

**Анализа на добиените резултати од анкетните**

## Анкета за родители

Училиштето соработува со родителите преку нивно учество во  Совет на родители, Училишен одбор, хумнитарни акции, манифестации, предава...ови, хепенинг, проекти, работилници  и друго.
78 responses




На веб страната на училиштето секогаш има достапни информации за целокупната работа во училиштето.
78 responses



Родителите придонесуваат како донатори за подобрување на условите за работа во училиштето и унапредување на квалитетот на наставата.
78 responses




Постои соработка на училиштето со јавните установи во областа од нивен домен.
78 responses



Училиштето остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето.
78 responses




Училиштето остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето.
78 responses



При реализација на одредени проекти, акции и активности училиштето остварува соработка со граѓански здруженија и донатори од деловната заедница.

78 responses



**Анкети за наставници**

Училиштето соработува со родителите преку нивно учество во Совет на родители, Училишен одбор, хумнитарни акции, манифестаци...и, хепенинг, проекти, работилници и друго.

45 responses




На веб страната на училиштето секогаш има достапни информации за целокупната работа во училиштето.

45 responses



Родителите придонесуваат како донатори за подобрување на условите за работа во училиштето и унапредување на квалитетот на наставата.

45 responses




Постои соработка на училиштето со јавните установи во областа од нивен домен.

45 responses



Училиштето остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето.

45 responses




Училиштето соработува со образовни институции во непосредна околина (општина), локално, на државно и на меѓународно ниво.

45 responses



При реализација на одредени проекти, акции и активности училиштето остварува соработка со граѓански здруженија и донатори од деловната заедница.

45 responses



| Клучни јаки и слаби страни |
| --- |
| **Клучни јаки страни**<br>● Перманентна соработка со родителите преку нивно учество во  Совет н родители,Училишен одбор, хумнитарни акции, манифестации, отворени денови, хепенинг.<br>● Родителите придонесуваат како донатори за подобрување на условите за работа во училиштето и унапредување на квалитетот на наставата.<br>● Постои соработка на училиштето со јавните установи во областа од нивен домен.<br>● Училиштето соработува со образовни институции во непосредна околина (општина), локално, на државно и на меѓународно ниво<br>● Континуирана соработка со општината и институциите<br>● Континуирана соработка со невладиниот сектор<br>**Слаби страни**<br>● Родителите не се доволни вклучени во релизација на наставата и вонннаставните активности и настани поврзани со учениците (трибини,,предавања, работилници на актуелни теми)<br>● Веб страната на училиштето секогаш не е достапна со навремени информации за работата на училиштето.<br>● Постои потреба за поголема соработка со бизнис секторот и потенцијални донатори. |

| Анализа на резултатите: |
| --- |
| Од сите сумирани резултати може да се каже дека се добива јасна слика за успешноста во работењето на наставниот и стручниот кадар во училиштето поврзано со областа –7–.**Соработка со родителите и локалната заедница.**<br>Родителите  во голема мера задоволни од нивното вклучување во целокупниот живот и работа на училиштето (Совет на родители, Училишен одбор, хуманитарни акции, манифестации, предавања,  отворени денови, хепенинг, проекти и друго) и учествуваат во креирањето на развојните политики во<br>училиштето..Исто така родителите се вклучени и активно придонесуваат како донатори во училиштето со цел подобрување на квалитето на |

наставата.Училштето успешно оставарува соработка со локалната заедница и локалните институции. Родителите сметаат дека треба да се подобри соработката и достапноста на училиштето за нивните предлози за подобрување на воспитно образовниот процес. Потребно е да се подобри соработката со бизнис секторот и во иднина да се аплицира на меѓународни проекти со цел културолошка размена и соработка. Во однос на вклученоста на родителите во наставата и воннаставните активности и во предавања, трибини, дебати потребно е да се зголеми соработката со родителите и тие поактивно да се вклучат во овие активности. Информираноста на веб сајтот делумно задоволува но е потребено да се доставуваат во

континуитет сите информации кои се важни за училишниот живот и за учениците. Родителите се изјасниле дека има поголема соработка со образовни институциии во државата и надвор од неа.Сите резултати на преостанатите прашања имаат висок процент и претставуваат наша јака страна во однос на:соработката со јавните институции, со невладиниот сектор, вклученост на родителите во училишните политики.

Наставниците се задоволни од целокупната соработката на училиштето со родителите, јавните институции, локалната средина,невладиниот сектор и

деловната заедница. Исто така наставниците се изјасниле дека на веб сајтот на училитшетото се достапни сите потребни информации заработата на

училитшето, за разлика од родителите кои сметаат дека може да се подобри информираноста и достапноста на училишниот веб сајт.Наставниците и

родителите се согласни дека е поребна поголема вклученост на родителите во реализација на наставта и воннаставните активности и настани поврзани со учениците и училиштето. Овие резултати се согласуваат со очекувањата на тимот и се одраз на реалната состојба во училиштето и квалитетот на работата на сите вработени во него.

**Идни активности:**
**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на оваа област кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**

- Зголемување на инволвираност на родителите во релизација на наставата и воннаставните активности и настани поврзани со учениците и училишните политики.
- Подобрување на достапноста на веб страната на училиштето и навремено ажирирање на информации за работата на училиштето.
- Унапредување на соработката и комункацијата со бизнис секторот и потенцијалните донатори.

Директор:

______________________________

Маја Старова